




# Извештај за незаконити дејства кои ѝ штетат на природата, а кои се случуваат во високопланинските предели на заштитените подрачја








WWF

Sweden Sverige

Натура МК

Проект: Здружено против нелегални активности на тешкопристапните терени во заштитените подрачја

**Извештај за незаконити дејства кои ѝ штетат на природата, а кои се случуваат во високопланинските предели на заштитените подрачја**

Подготвил:
Бојан Ранташа

Лектура:
Катерина Митиќ

Скопје, октомври 2021 година

Извештајот е подготвен во рамките на проектот Здружено против нелегални активностина тешкопристапните терени во заштитените подрачја како дел од грантовата шема од програмата „Заштитени подрачја за природата и луѓето II 2019-2022 година“ спроведуван од Светскиот фонд за природа - WWF Adria, а поддржан од Шведската меѓународна агенција за развој и соработка - SIDA.
Содржините и ставовите искажани се на авторите и не ги отсликуваат ставовите на SIDA.

# Кратенки

АК - Алпинистички клуб
ЗДЗЛ - Закон за дополнување на Законот за ловството
ЗДЗШ - Закон за дополнување на Законот за шумите
ЗДКЗ - Закон за дополнување на Кривичниот законик
ЗИД - Закон за изменување и дополнување
ЗИДЗВ - Закон за изменување и дополнување на Законот за водите
ЗИДЗЗП - Закон за изменување и дополнување на Законот за заштита на природата
ЗИДЗЛ - Закон за изменување и дополнување на Законот за ловството
ЗИДЗП - Закон за изменување и дополнување на Законот за пасиштата
ЗИДЗШ - Закон за изменување и дополнување на Законот за шумите
ЗИДКЗ - Закон за изменување и дополнување на Кривичниот законик
ЗИЗВ - Закон за изменување на Законот за водите
ЗИЗЗП - Закон за изменување на Законот за заштита на природата
ЗИЗП - Закон за изменување на Законот за пасиштата
ЗИЗШ - Закон за изменување на Законот за шумите
ЗИКЗ - Закон за изменување на Кривичниот законик
ЗПКСРМ - Законодавно-правна комисија на Собранието на Република Македонија
ЗП - Заштитено подрачје
ЈУНП - Јавна установа национален парк
ЈУНПГ - Јавна установа национален парк Галичица
ЈУНПМ - Јавна установа национален парк Маврово
НП - Национален парк
МЖСПП - Министерство за животна средина и просторно планирање
м н.в. - метри надморска висина
ОЈО - Основно јавно обвинителство
СВРМ - Службен весник на Република Македонија
СВРСМ - Службен весник на Република Северна Македонија
СП - Споменик на природата
СРМ - Собрание на Република Македонија
СРСМ - Собрание на Република Северна Македонија
УСРМ - Уставен суд на Република Македонија
УСРСМ - Уставен суд на Република Северна Македонија

# Содржина


**Кратенки** 2

**Содржина** 3

**Благодарност** 5

**Вовед** 5

**Резиме** 6

**Методологија** 8

Дефиниција на незаконитите дејство 8

Дефиниција на пределите 9

Прибирање на јавно достапни информации 10

Медиумски објави 10

Податоци од институции 10

Прибирање на мислења, ставови и искуства 11

**Состојба со незаконитите дејства кои ѝ штетат на природата** 13

Состојбата со незаконитите дејства во медиумските објави 13

Состојбата со незаконитите дејства во СП Вевчански Извори 14

Состојбата со незаконитите дејства во НП Галичица 15

Состојбата со незаконитите дејства во НП Маврово 16

Состојбата со незаконитите дејства според достапните информации 17

Состојбата со незаконитите дејства според интервјуа спроведени на терен 20

Присутни незаконити дејства кои ѝ штетат на природата 21

Незаконит лов 21

Бесправна сеча 22

Оставање отпад 22

Незаконито собирање диви видови 23

Движење надвор од патеката за посетители 25

Палење оган 25

Водење куче 26

Локација на незаконитите дејства кои ѝ штетат на природата 27

**Соработка помеѓу локално население и субјектите кои управуваат со заштитеното подрачје 30**

Пријавување незаконити дејства 30

Пријави до полиција 31

Пријави до инспекторатите 31

**Како до помалку незаконити дејства во високопланинските предели на заштитените подрачја?** 32

1. Зголемено присуство на љубители на природата во високопланинските предели на заштитените подрачја. 32

2. Вклучување на локалното население во заштитата на природата. 32

3. Носење на подзаконски акти од Законот за заштита на природата. 32
4. Едукација 33
5. Зголемен капацитет на чуварите на заштитените подрачја 33
6. Интеракција и вклученост на јавноста 33
7. Поедноставување на процедурата за пријавување на незаконитости 34
8. Прекугранична соработка 34
9. Меѓуинституционална соработка 34

**Земање предвид на човекови права 35**

**Заклучоци и предлози 36**

**Извори 39**

**Анекс 1. Преглед на закони и членови од закони кои се однесуваат на дејствија кои ѝ штетат на природата 42**

**Анекс 2. Каде и како да се пријави нелегалнаактивност во заштитено подрачје. 47**

# Благодарност

Благодарност се упатува кон сите оние кои дадоа придонес кон изработката на овој извештај. Особена благодарност кон субјектите кои управуваат со заштитените подрачја и се дел од овој извештај: ЈУНП Галичица, ЈУНП Маврово и Општина Вевчани, кои покажаа отворена соработка и постојана комуникација за да се изложат проблемите. Подеднаква благодарност се упатува до бројните лица, локално население, посетители и засегнати страни кои беа интервјуирани, при што покажаа подготвеност отворено да разговараат за проблемите со кои се соочуваат. Конечно, благодарност се упатува и до институциите кои дадоа свој придонес со коментари и барање на податоци од своите архиви за да може да се издвојат побараните информации.


# Вовед

Извештајот за незаконити дејства кои ѝ штетат на природата, а се случуваат во високопланинските предели на заштитените подрачја во Република Северна Македонија има за цел да даде краток преглед на состојбата со незаконитите дејства кои ѝ штетат на природата во високопланинските предели на заштитените подрачја. Овој извештај претставува појдовна точка за понатамошни дејства базирани на истражување и факти. Оваа тематика на незаконити дејства во заштитените подрачја не била опфатена во претходни истражувања или извештаи. Исклучок претставува незаконитата сеча на дрва, која општо е адресирана на национално ниво. Токму поради недостатокот на информации, овој извештај има важност и одговорност за откривање на состојбите и поставување на насоки за нивно адресирање.

Овој извештај се однесува на заштитените подрачја: споменик на природата Вевчански Извори, национален парк Галичица и национелен парк Маврово. Но, според познавањата на ситуациите и во другите заштитени подрачја, односно подрачја кои се во процес на заштита, може да се направи образована претпоставка дека состојбата со незаконитите дејства кои ѝ штетат на природата, а се случуваат во високопланинските предели на заштитените подрачја е слична. Затоа може да се претпостави дека заклучоците кои произлегуваат од овој извештај би нашле примена на целата територија на Република Северна Македонија.

# Резиме

„Извештајот за незаконити дејства кои ѝ штетат на природата, а кои се случуваат во високопланинските предели на заштитените подрачја“ е краток преглед на состојбата со незаконитите дејства кои ѝ штетат на природата во високопланинските предели на заштитените подрачја. Притоа, опфатени се податоци и информации од три заштитени подрачја: национален парк Галичица, национален парк Маврово и споменик на природата Вевчански Извори. За дефиниција на високопланински предели е земена таа од Националната стратегија за заштита на природата (МЖСПП, 2018), односно дека високопланински предели се оние кои се наоѓаат над 1650 м н.в., иако таа граница е земена како приближна во овој извештај.

Бидејќи станува збор за досега необработувана материја, во методологијата за изработка на овој извештај искористени се три извори на информации:

- Преглед на медиумски објави во изминатите десет години.
- Прибирање на информации од јавен карактер од институции за изминатите десет години и
- Прибирање на мислења, ставови и искуства по пат на интервјуа и средби, при што е спроведено и партиципативно мапирање на локациите на кои се случуваат незаконитите дејства.

Од медиумските објави се забележува дека доминираат објави за пожари, па следуваат узурпација на земјиште и бесправни градби, бесправна сеча, незаконит лов и оставање отпад. Постои генерално нагорна линија на зголемување на бројот на објавите низ годините, но без јасен заклучок на што се должи тоа.

Официјалните податоци од институциите, особено оние кои се проследени до правниот систем, даваат слика дека незаконитите дејства се ретки. Сепак, важно е да се забележи дека во официјалните податоци недостасуваат забележани дејства кои не се формално поднесени до надлежен орган, односно поминале како едукација или предупредување. Според официјалните податоци, забележани се бесправна сеча, незаконит лов и бесправно собирање диви видови во високопланинските предели.

Од интервјуата и средбите се добија многу повеќе информации од тоа што го има во официјалните податоци. Значајна е информацијата дека граѓаните не можат лесно да препознаат дали одредено дејство е незаконито или не е, бидејќи не е видливо дали некој тоа го спроведува со или без дозвола, односно дека правилата во заштитеното подрачје не се познати. И покрај тоа, интервјуираните лица забележале незаконит лов, бесправна сеча, оставање отпад, бесправно собирање диви видови, движење надвор од одредена патека, палење оган, водење куче (само за НП Галичица). Како најјасно познато незаконито дејство е незаконитото преминување на државната граница, поради што со најголема сигурност е забележано бесправно собирање на диви видови од лица од соседна земја.

Партиципативното мапирање даде информација дека повеќето незаконити дејства се случуваат во зоните на строга заштита, поради што се истакнува и важноста на нивно спречување.

Соработка помеѓу локалното население и субјектите задолжени за управување со заштитените подрачја постои. Иако постои недоверба кон институциите, пријави се прават до

субјектите задолжени за управување. Меѓутоа, тие пријави најчесто се по неформален пат, а субјектите задолжени за управување со заштитените подрачја не водат евиденција. Поради тоа и покрај законската обврска за пријава до субјектот задолжен за управување со заштитеното подрачје, препорака се дава пријавата да биде упатена и до полицијата.

При спроведувањето на заштитата треба да се земат предвид човековите права: без разлика на род треба да биде воспоставена безбедност на движење; во случај да се работи за со социјалнозагрозени лица, едукацијата и економските развојни мерки треба да се земат пред казнените.

Од интервјуата се издвоија и мерки и дејства кои се потребни за намалување на незаконитите дејства:

1. Зголемено присуство на љубители на природата на високопланинските предели во заштитените подрачја;
2. Вклучување на локалното население во заштитата на природата;
3. Донесување подзаконски акти на Законот за заштита на природата;
4. Едукација;
5. Зголемен капацитет на чуварите на заштитените подрачја;
6. Интеракција и вклученост на јавноста;
7. Поедноставување на процедурата за пријавување незаконитости;
8. Прекугранична соработка;
9. Меѓуинституционална соработка.

Заклучоци и препораки кои произлегуваат од овој извештај се:

- Намалувањето на илегалните дејства во заштитените подрачја е важно за зачувување на биодиверзитетот и пределските вредности.
- Идентификуваните проблеми во трите заштитени подрачја опфатени со овој извештај се валидни и за други заштитени подрачја.
- Потреба од градење капацитети кај управувачите со заштитени подрачја.
- Потреба за вмрежување на заштитените подрачја.
- Потреба од поголема информираност.
- Потребна е поддршка за понатамошна соработка и вклучување на граѓаните.
- Поддршка при градење заемна доверба.
- Подобрување на системот на евидентирање незаконити дејства.
- Потреба од институционална соработка.
- Потреба од подобрување на законските рамки.
- Потреба од подобрување на прекуграничната соработка.

Извештајот дава и препораки за дополнителни истражувања:

- Проширување на овој извештај за целата територија на заштитените подрачја;
- Анализа за капацитетите на институциите кои се поврзани со заштитата на природата;
- Прекугранична анализа за дејствата на прекугранично користење на природните ресурси;
- Потреба од анализи за ефектот на забраните за користење на природните ресурси врз социјалнозагрозените лица;
- Истражување за перцепциите на граѓаните за субјектите кои се одговорни за заштита на природата, особено во однос на угледот и довербата кон тие институции.

# Методологија

## Дефиниција на незаконитите дејство

Овој извештај се однесува на незаконитите дејства кои ѝ штетат на природата. Легалноста на дејството е толкувана во Законот за заштита на природата (2004; ЗИДЗЗП, 2006, 2007, 2010, 2011а, 2011б, 2013а, 2013б, 2014, 2015, 2016; ЗДЗЗП, 2012; ЗИЗЗП, 2016), но и во Законот за шуми (2009; ЗИДЗШ, 2011, 2013а, 2013б, 2014а, 2014б, 2015а, 2015б, 2016. ЗДЗШ, 2011, 2013; ЗИЗШ, 2015, 2016), Законот за ловство (2009; ЗПКСРМ, 2009; ЗДЗЛ, 2011, 2015; ЗИДЗЛ, 2012, 2013а, 2013б, 2013в, 2015а, 2015б), Законот за водите (2008; ЗИДЗВ, 2009, 2011, 2012, 2013а, 2013б, 2014, 2015, 2016; ЗИЗВ, 2009, 2010), Законот за пасиштата (1998; ЗИДЗП, 2000, 2008, 2010а, 2010б, 2013, 2015; ЗИЗП, 2009, 2015), како и во Кривичниот законик (1996; ЗИДКЗ, 1999, 2002, 2004, 2006, 2008а, 2008б, 2009, 2011а, 2011б, 2012а, 2012б, 2013, 2014а, 2014б, 2014в, 2014г, 2015а, 2015б, 2017; УСРМ, 2001, 2002, 2004, 2006; ЗИКЗ, 2003, 2006, 2011б; ЗДКЗ, 2005, 2011а, 2013, 2014а, 2014б, 2014). Сите овие закони опишуваат дејства кои ѝ штетат на природата и се сметаат за незаконити, односно се забранети.

При преглед на наведените закони може да се издвојат бројни забрани кои се однесуваат на дејства кои ѝ штетат на природата. Од прегледот на членовите кои се однесуваат на дејствата кои се забранети, може да се воочи дека законите во одредена мера се преклопуваат, односно, независно еден од друг законите ја потврдуваат незаконитоста да се вршат одредени дејства кои ѝ штетат на природата. Во најмала мера, законите пропишуваат услови под кои одредени дејство е дозволено да се случува со цел овозможување на контролирано, односно одржливо користење. Оттука главно се разликуваат два типа забранети дејства: 1. дејства кои воопшто не треба да се прават со цел заштита на природата и 2. дејства кои може да се прават само со дозвола, односно забранети се без дозвола, со цел обезбедување на одржливо користење на природата.

За потребите на овој извештај пристапивме кон отворени разговори со институциите и луѓето, со предефинирана листа на незаконити дејства кои ѝ штетат на природата. Тоа го направивме со цел да добиеме информација какви сѐ незаконити дејства постојат во тоа заштитено подрачје. Листата на незаконити дејства ја користевме во согласност со Кривичниот законик. Другите закони дефинираат дејства кои се премногу специфични и стручни и кои поради големиот број (35 според Законот за заштита на природата (2004; ЗИДЗЗП, 2006, 2007, 2010, 2011а, 2011б, 2013а, 2013б, 2014, 2015, 2016; ЗДЗЗП, 2012; ЗИЗЗП, 2016)) би создале забуна во разговорите со локалното население. Притоа термините употребувани во Кривичниот законик ги поедноставивме, со цел приближување кон народната терминологија во разговорите со локалното население. Во разговорите пак, преку потпрашања се обидувавме да откриеме подетално за незаконитите дејства. Затоа, дозволивме да се дефинираат и дополнителни незаконити дејства, надвор од оние кои ги земавме како референтна листа. Со овој пристап отворивме можност директно од соговорниците да добиеме информации за состојбата онаква каква што тие ја имаат искусено, односно знаат дека е таква. Но, притоа, исто така, со овој пристап се ограничивме на знаењата на соговорникот за тоа што е незаконито. Разбирајќи дека соговорникот и не би можел да каже дали одредено дејство е незаконито доколку не е запознаен со тоа, на овој начин ги добивме најсоодветните информации кои што е можно да се добијат од нашите соговорници.

Видови на незаконити дејства за кои прашувавме:

- Загадување (Кривичен законик, член 218 и член 219)
- Оставање отпад (Кривичен законик, член 230)

- Палење оган (Кривичен законик, член 227)
- Бесправна сеча (Кривичен законик, член 226)
- Незаконит лов (Кривичен законик, член 228 и 228-а)
- Незаконит риболов (Кривичен законик, член 229)
- Незаконита експлоатација на минерални суровини (Кривичен законик, член 225-а)
- Незаконито собирање диви видови (Кривичен законик 232-а и 232-в)
- Узурпација на недвижности (Кривичен законик, член 225)

Детална листа на незаконитите дејства одредени во законите е приложена во Анекс 1 на овој извештај.

Покрај законски одредените дејства кои се сметаат за забранети во заштитените подрачја, постојат и дејства кои се сметаат за забранети, а се пропишани со плановите за управување за тоа заштитено подрачје и се специфични на заштитната зона која е утврдена во тоа заштитено подрачје. За појаснување: заштитените подрачја се поделени во зони и тоа: зона за строга заштита; зона за активно управување; зона за одржливо користење; и заштитен појас. Во рамките на секоја од овие зони во секое заштитено подрачје се воведени посебни забрани соодветни на потребите и условите со цел заштита на природата. Најчесто, во зоната на строга заштита забрането е секакво дејство од човекот, а понекогаш човечко присуство е дозволено само со дозвола од субјектот кој управува со тоа заштитено подрачје, а тоа е со цел за да се дозволи слободно одвивање на природните процеси без човечко влијание. Ние претпоставивме дека има лица кои не се запознаени са ова зонирање на заштитените подрачја, поради што, за да се одреди каде се случуваат незаконитите дејства, секој соговорник беше замолен да обележи на мапа од заштитеното подрачје на која локација се случуваат незаконитите дејства.

## Дефиниција на пределите

Фокусот на овој извештај се високопланинските предели на заштитените подрачја. Притоа како основа на нашата задача се појави потребата да направиме дефиниција за тоа кои подрачја се високопланински. За основа на дефинирањето на подрачјата ја земавме Националната стратегија за заштита на природата (МЖСПП, 2018), каде што за „високопланински појас“ (high mountain belt) се смета Алпскиот појас. Оттука можеме да заклучиме дека високопланински предели се пределите каде што е алпското планинско подрачје: над 2250 м н.в., односно субалпското планинско подрачје: 1650 - 2250 м н.в. Соодветно, за потребите на овој извештај се ограничивме на планински предели кои се над 1650 м н.в. Меѓутоа, во процесот на истражувањето се сретнавме и со различно толкување на поимот `високопланински` од различните заштитени подрачја. Пример за НП Маврово каде се наоѓаат највисоките планини во земјата и пошироко, 1650 м н.в. е перцепирано како не толку високо, додека во НП Галичица, за `високопланински` се сметаат и предели на 1400 м н.в. Затоа, во овој извештај земени се предвид и мали отстапки од правилото „над 1650 м н.в.“, односно границата од 1650 м н.в. е земена приближно, со цел да се задоволат разликите во појмувањето на терминот, односно референтните точки.

# Прибирање на јавно достапни информации

## Медиумски објави

Медиумските објави се прегледани преку агрегаторот на вести Тиме.мк, во периодот од март до април 2021 година. Притоа користени се локациски поврзани клучни зборови за да се побараат вести кои се однесуваат токму на заштитените подрачја кои се опфатени со овој извештај, како на пример: Вевчански Извори, Галичица, Маврово. Исто така, користени се потесни географски локалитети во рамките на тие заштитени подрачја, како на пример: Кораб, Дешат, Магаро итн.

## Податоци од институции

Со цел добивање официјални податоци од јавни институции кои имаат однос кон незаконитите дејства кои ѝ штетат на природата, побарани се информации поврзани со истите. Во периодот од април до јуни 2021 година доставени се барања за пристап на информации од јавен карактер до бројни институции, врз база на Законот за пристап на информации од јавен карактер. Од јавните институции се побарани статистики за незаконити дејства кои ѝ штетат на природата за изминатите 10 години. Притоа, побарано е податоците да се однесуваат на дејствата кои се случиле на локации над 1600 м н.в., односно да се наведат детали за дејствата, меѓу кои и локација на дејството, датум на дејството и информации за сторителите на дејството.

За подготовка на овој извештај, разговори и информации од јавен карактер се побарани од:

- ЈУНП „Маврово“
- ЈУНП „Галичица“
- Општина Вевчани
- Полиција
- Гранична полиција
- ОЈО Охрид
- ОЈО Гостивар
- ОЈО Струга
- ОЈО Ресен
- ОЈО Дебар
- Агенција за управување со одземен имот
- Основен суд - Дебар
- Основен суд - Ресен
- Основен суд - Гостивар
- Основен суд - Охрид
- Основен суд - Струга
- Државен инспекторат за шумарство и ловство
- Државен инспекторат за животна средина
- Шумска полиција

За жал, недостасуваат податоци од Државениот инспекторат за животна средина, каде архивата изгорела во 2020 година, но според сеќавањата на вработените немале ниту еден случај поврзан со темата на овој извештај.

# Прибирање на мислења, ставови и искуства

Поради состојбата со пандемијата на коронавирусот и неможноста за организирање на групирања на лица, прибирањето на мислењата, ставовите и искуствата од засегнатите чинители е извршено по пат на индивидуални интервјуа. Во периодот од мај до јуни 2021 година беа спроведувани интервјуата индивидуално. Интервјуата беа полуструктуирани, а целта беше од интервјуираните лица да се добие одговор на следните прашања:

- Кои сѐ незаконити дејства кои ѝ штетат на природата се случуваат во високопланинските предели?
- Каде се случуваат незаконитите дејства кои ѝ штетат на природата во високопланинските предели?
- Кога се случуваат незаконитите дејства кои ѝ штетат на природата во високопланинските предели?
- Со какви мерки се врши справувањето со незаконитите дејства кои ѝ штетат на природата во високопланинските предели?
- Која е штетата, односно заканата, за природата од незаконитите дејства кои ѝ штетат на природата во високопланинските предели?
- Какво е влијанието на незаконитите дејства кои ѝ штетат на природата во високопланинските предели врз локалната заедница?
- Дали би се вклучиле во дејства против незаконитите дејства кои ѝ штетат на природата во високопланинските предели?
- Какви мерки се потребни да се преземат за да се спречат незаконитите дејства кои ѝ штетат на природата во високопланинските предели?

Покрај наменските интервјуа, во овој извештај се вклучени и мислења, ставови и искуства од лица кои беа присутни за време на средбите и теренските посети остварени во периодот од септември до октомври.

| Групи лица | НП Галичица | НП Маврово | СП Вевчански Извори |
|---|---|---|---|
| вкупно интервјуирани | 14 | 24 | 10 |
| жени | 4 | 2 | 2 |
| млади лица | 1 | 1 | 3 |
| стари лица | 1 | 2 | 1 |
| лица од рурална средина | 4 | 14 | 9 |
| етнички малцинства | 2 | 11 | 1 |

Табела 1. Преглед на број на интервјуирани лица од различни групи

Во процесот на подготовката на овој извештај разговарано е со 48 лица поврзани со заштитените подрачја СП Вевчански Извори, НП Галичица и НП Маврово, од кои 13 лица од институциите кои управуваат со заштитените подрачја, а 23 лица од локалните заедници, меѓу кои е внимавано да бидат вклучени млади лица, жени, стари лица, како и лица од етничките малцинства присутни на територијата. Покрај овие лица, разговарано е и со лица, претставници

на институции кои се надвор од заштитеното подрачје, односно кои имаат директна релација со заштитените подрачја.

# Состојба со незаконитите дејства кои ѝ штетат на природата

Состојбата со незаконитите дејства кои ѝ штетат на природата во високопланинските предели на заштитените подрачја, прикажана преку медиумските објави, официјалните, јавно достапни податоци и таа претставена од интервјуираното локално население и стручни лица дава претстава на неусогласеност и неконзистентност. Локалното население и стручните лица се свесни за проблемите. Според официјалните податоци од институциите, евидентирани се сосема мал дел од проблемите. Дејствата кон отстранување на проблемите или се недоволни или недостасуваат, додека проблемите во најголем број случаи се видливи на терен. Оваа ситуација најдобро може да се појасни преку пожарите, како највидливи. Тие се видливи откако ќе се случат; најголем број медиумски објави се однесуваат на пожарите; се смета дека се подметнати; од спроведените интервјуа се забележува дека палењето оган (намерно и ненамерно) е присутно, па дури и се претпоставува кој пали оган; но во официјалните податоци нема ниту еден предмет, ниту пријава за сторител на дело подметнување пожар.

Подолу во овој извештај е дополнително отсликано како состојбата со незаконитите дејства е претставена од страна на различните информации: од медиуми, од достапните официјални информации и од видувањата на локалното население, експертите и засегнатите страни.

## Состојбата со незаконитите дејства во медиумските објави

За незаконитите дејства во заштитените подрачја и тоа во високопланинските предели на СП Вевчански Извори, НП Галичица и НП Маврово, во изминатите десет години, во медиумите доминираат објавите за пожари, кои се смета дека се подметнати од непознати сторители, додека во сите три заштитени подрачја се присутни бесправна сеча и бесправен лов. Иако од сите објави не е целосно јасно дали незаконитото дејство се случило токму во високопланинските предели, или е пониско од фокусот на овој извештај, може да се издвои дека најзастапено заштитено подрачје во медиумите е НП Галичица со 154 медиумски објави за незаконити дејства кои ѝ штетат на природата во високопланинските предели. Иако со најголема заштитена површина, следи НП Маврово со 148 медиумски објави. Последно и како најмала заштитена површина, следи СП Вевчански Извори со 10 медиумски објави.

Во однос на незаконитостите кои преовладуваат во медиумските објави, пожари, бесправна сеча и незаконит лов се присутни во сите три заштитени подрачја. Оставање отпад како и узурпација на земјиште и бесправни градби се присутни само во по две од трите заштитени подрачја. Најголем процент заземаат пожарите (69%), за кои се смета дека се подметнати или случајно запалени од непознат сторител. На второ место со 15,9% е узурпацијата на земјиште и бесправни градби, па следува бесправната сеча, незаконитиот лов и оставањето отпад со по околу 10% од медиумските објави.

| Вид на незаконито дејство | Узурпација на земјиште и бесправни градби | Бесправна сеча | Пожар | Незаконит лов | Оставање отпад |
|---|---|---|---|---|---|
| СП Вевчански Извори | 10,0% | 40,0% | 30,0% | 20,0% | 0,0% |
| НП Галичица | 26,2% | 10,4% | 46,3% | 6,7% | 10,4% |
| НП Маврово | 0,0% | 5,4% | 76,2% | 10,9% | 7,5% |
| Вкупно | 15,9% | 10,5% | 69,0% | 10,5% | 10,1% |

Табела 2. Медиумски објави за незаконити дејства изразени во проценти

Може да се забележи одреден тренд на зголемување на бројот на објавите во последните 3 - 4 години. Но, невозможно е да се направи јасен заклучок без дополнителни длабински истражувања бидејќи овој тренд можеби се должи на зголемен број на незаконити дејства или пак на зголемен интерес на медиумите да покриваат теми од оваа област. Сепак, забележлив е и драстичен пад на медиумските објави поврзани со незаконитите дејства во ланската година - 2020 година, кое може да се поврзе со бројните рестриктивни мерки поради пандемијата на коронавирусот кои спречија движење на луѓе во заштитените подрачја, но и присуство на сведоци на незаконитите дејства.

| година | 2011 | 2012 | 2013 | 2014 | 2015 | 2016 | 2017 | 2018 | 2019 | 2020 |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| СП Вевчански Извори | 0 | 0 | 0 | 0 | 2 | 0 | 3 | 1 | 4 | 0 |
| НП Галичица | 0 | 0 | 8 | 11 | 26 | 18 | 15 | 31 | 37 | 8 |
| НП Маврово | 11 | 10 | 5 | 24 | 0 | 0 | 44 | 0 | 44 | 9 |
| Вкупно | 11 | 10 | 13 | 35 | 28 | 18 | 62 | 32 | 85 | 17 |

Табела 3. Број на медиумски објави за незаконити дејства по години

## Состојбата со незаконитите дејства во СП Вевчански Извори

Пребарувањето низ онлајн архивата на агрегаторот на вести Time.mk, почнувајќи од 2011 година, па до 2020 година, даде вкупно 9 објави поврзани со незаконитите дејства. Најчести проблеми се бесправна сеча (4), најчесто заради злоупотреба на службената положба на вработените во ЈП Национални шуми и пожарите (3), за кои се смета дека биле подметнати од непознат сторител. Покрај ова, се среќава и узурпација на земјиште и незаконит лов.

Незаконитите дејства не се распределени во периодот наназад на целата декада, туку се спорадични. Сепак, се забележува зачестеност и зголемување на бројот во изминатите години. Најмногу вести се објавени во 2019 година, а концентрацијата е од 2017 до 2019 година.

| Вид на незаконито дејство | Узурпација на земјиште и бесправни градби | Бесправна сеча | Пожар | Незаконит лов |
|---|---|---|---|---|
| Број на објави | 1 | 4 | 3 | 2 |
| Процент на објави | 10% | 40% | 30% | 20% |

Табела 4. Медиумски објави за незаконити дејства во СП Вевчански Извори / Општина Вевчани, по видови незаконито дејство

| година | 2011 | 2012 | 2013 | 2014 | 2015 | 2016 | 2017 | 2018 | 2019 | 2020 |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| број | 0 | 0 | 0 | 0 | 2 | 0 | 3 | 1 | 4 | 0 |

Табела 5. Медиумски објави за незаконити дејства во СП Вевчански Извори / Општина Вевчани, по години

## Состојбата со незаконитите дејства во НП Галичица

Пожарите и дивоградбите се најчестите теми за кои е пишувано во врска со националниот парк Галичица изминатата деценија. Наспроти ова, помалку е известувано за случаи на отпад, бесправна сеча и незаконит лов. Ова го покажува архивата на македонскиот агрегатор за вести Time.mk, според која во последните 10 години биле изработени над 2000 објави само за НП Галичица.

За пожарите се достапни 76 објави, по што следуваат вестите за дивоградби (43), а потоа со по 17 објави за отпадот и за бесправната сеча и 11 објави за незаконит лов.

Незаконитите дејства се присутни во скоро целата измината деценија. Може да се забележи блага тенденција на зголемување во изминатите години, при што најмногу објави имало во 2019 година. Во 2020 година има очекуван пад на бројот на објавите поврзани со незаконити дејства.

Она што најмногу привлекло медиумско внимание низ годините е планот за изградба на автопат, ски-центар и туристички зони на планината – идеја која била претставена во 2011 година, но дури во 2018 била повлечена по долгогодишните остри реакции на јавноста и екологистите. Поплаките на експертите се во насока дека ваквите проекти би значеле отстранување на досегашниот степен на заштита на најранливите подрачја на оваа планина и со тоа целосно уништување на шареноликоста на природната убавина, која ја сочинуваат специфичниот склоп на ендемични и автохтони видови.

| Вид на незаконито дејство | Узурпација на земјиште и бесправни градби | Бесправна сеча | Пожар | Незаконит лов | Оставање отпад |
|---|---|---|---|---|---|
| Број на објави | 43 | 17 | 76 | 11 | 17 |
| Процент на објави | 26,2% | 10,4% | 46,3% | 6,7% | 10,4% |

Табела 6. Медиумски објави за незаконити дејства во НП „аличица“ по видови незаконито дејство

| година | 2011 | 2012 | 2013 | 2014 | 2015 | 2016 | 2017 | 2018 | 2019 | 2020 |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| број | 0 | 0 | 8 | 11 | 26 | 18 | 15 | 31 | 37 | 8 |

Табела 7. Медиумски објави за незаконити дејства во НП Галичица, по години

## Состојбата со незаконитите дејства во НП Маврово

Низ агрегаторот за македонски вести може да се прелистаат над 25 000 вести при пребарување за НП Маврово. Сепак, кога станува збор за незаконити дејства во неговите високопланиски предели, доминираат вестите за пожари (115) и незаконит лов (16). По ова, следуваат проблемите со отпадот (11) и бесправната сеча (8).

Незаконитите дејства не се редовни низ годините. Тоа што е забележително е дека во 2017 и 2019 година имало дури по 44 објави. Во обата случаи станува збор за објави поврзани со пожари.

| Вид на незаконито дејство | Оставање отпад | Бесправна сеча | Пожар | Незаконит лов |
|---|---|---|---|---|
| Број на објави | 11 | 8 | 112 | 16 |
| Процент на објави | 7,5% | 5,4% | 76,2% | 10,9% |

Табела 8. Медиумски објави за незаконити дејства во НП Маврово, по видови незаконито дејство

| горина | 2011 | 2012 | 2013 | 2014 | 2015 | 2016 | 2017 | 2018 | 2019 | 2020 |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| број | 11 | 10 | 5 | 24 | 0 | 0 | 44 | 0 | 44 | 9 |

Табела 9. Медиумски објави за незаконити дејства во НП Маврово, по години

## Состојбата со незаконитите дејства според достапните информации

Во полициската евиденција има многу малку случаи кои се поврзани со незаконити дејства кои ѝ штетат на природата во високопланинските предели. Евидентирани се вкупно седум кривични пријави за нелеглани дејства кои ѝ штетат на природата и се однесуваа за НП Маврово и НП Галичица, додека нема ниту една за СП Вевчански Извори, односно Општина Вечвани. Од тие седум пријави, шест се во пониските делови на заштитените подрачја. Само еден случај на заловена мечка во стапица, во 2016 година на територија на НП Галичица одговара на фокусот на овој извештај.

МВР има и податоци за број на лица кои незаконито преминале граница со Албанија, но бројките се општи за целата граница, односно не се издвоени само за деловите каде што се заштитените подрачја. Вака сумираните податоци не ја даваат сликата за тоа каква е состојбата во заштитените подрачја.

Според основните јавни обвинителства (ОЈО), во изминатите 10 години на територија на НП Маврово имало 11 предмети, на територија на НП Галичица имало 9 предмети, а на територија на СП Вевчански Извори немало предмети.

| | СП Вевчански Извори | НП Галичица | НП Маврово |
|---|---|---|---|
| предмети | 0 | 9 | 11 |
| обвинителни предлози | 0 | 0 | 6 |
| казнени налози | 0 | 0 | 4 |
| решение | 0 | 0 | 1 |
| осудени | 0 | 4 | 0 |
| условно | 0 | 1 | 0 |
| ослободени | 0 | 1 | 0 |
| Нема докази | 0 | 1 | 0 |
| Запрена постапка | 0 | 2 | 0 |

Табела 10. Предмети во ОЈО и нивните разрешници

Од заштитените подрачја добиени се информации од ЈУНПМ, ЈУНПГ и Општина Вевчани. За СП Вевчански Извори нема никакви податоци во Општина Вевчани за пријави поврзани со незаконити дејства во високопланинските предели. Во НП Маврово се идентификувани вкупно четири пријави доставени до надлежни институции во изминатите десет години. Главно пријавите се за незаконит лов и за бесправно собирање диви видови. Од ЈУНПГ добиени се податоци од 2016 година па наваму при што тие податоци се однесуваат на записници за забележани, односно добиени пријави за незаконити дејства. Ваков вид евиденција на записници по добиени пријави

нема во ЈУНПМ ниту во Општина Вевчани. Поради тоа бројот на пријавите во НП Галичица е поголем од тој во НП Маврово, односно поради различниот вид евиденција. При тоа, важно е да се забележи дека во НП Галичица собирањето на диви видови не е регулирано, поради што нема ни пријави забележани поврзани со тоа.

| Вид на незаконито дејство | Бесправно собирање на диви видови | Незаконит лов | Бесправна сеча |
|---|---|---|---|
| НП Маврово | 1 | 3 | 0 |
| НП Галичица | 0 | 4 | 14 |

Табела 11. Пријави од заштитените подрачја за незаконити дејства кои ѝ штетат на природата во високопланинските предели, по видови на незаконити дејства

| година | 2011 | 2012 | 2013 | 2014 | 2015 | 2016 | 2017 | 2018 | 2019 | 2020 |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| НПМ | 0 | 1 | 0 | 1 | 0 | 1 | 1 | 0 | 0 | 0 |
| НПГ | / | / | / | / | / | 1 | 5 | 2 | 5 | 5 |

Табела 12. Пријави од заштитените подрачја за незаконити дејства кои ѝ штетат на природата во високопланинските предели, по години

Од прегледот на достапните информации од различните институции може да се заклучи дека податоците се оскудни, поради што може да се каже дека бројот на незаконити дејства кои ѝ штетат на природата во високопланинските предели на заштитените подрачја не е голем.

Од ЈУНПГ поседуваат и дополнителни податоци, поврзани со пријавите поради што може да се разгледаат податоците подетално. Имено, од декември 2019 година во ЈУНПГ е воспоставен протокол за водење евиденција на забележани незаконити дејства.

| | 2016 | 2017 | 2018 | 2019 | 2020 | 2021 |
|---|---|---|---|---|---|---|
| Вкупен број на пријави | 4 | 9 | 10 | 12 | 17 | 17 |
| Број на пријави во високопланински региони | 1 | 5 | 2 | 5 | 5 | 2 |
| Број на пријави пристигнати од надворешни лица | 1 | 1 | 1 | 2 | 0 | 0 |
| Процент на пријави во високопланинските региони во однос на вкупниот број на пријави | 25% | 55% | 20% | 42% | 29% | 12% |

Табела 13. Пријави и записници за незаконити дејства кои ѝ штетат на природата во НПГ по години

Најпрво што може да се забележи е дека во ЈУНПГ постои евиденција на пријави за незаконити дејства, односно се води евиденција на забележаните незаконити дејства дури и пред воспоставувањето на протоколот. Трендот на раст, кој делумно се забележува во медиумските објави, е присутен и тука во однос на целата територија на паркот. Посебниот раст за бројот на пријавите во 2020 и 2021 може да се поврзе поради воспоставувањето на протоколот. Но, исто така, се забележува уште една карактеристика, а тоа е дека во 2020 и 2021 година нема пријави од надворешни лица пристигнати во ЈУНПГ, додека е зголемен бројот на пријави од самите вработени. Тој податок може да се поврзе со ограничувањата за движење кои беа воспоставени поради пандемијата на коронавирусот во 2020 година, како и поради опасноста од пожари во 2021 година, или со зголемена ефикасност на чуварите на паркот, но за валиден заклучок за ова, како и за други аспекти кои ги покажуваат овие податоци, потребно е соодветно истражување. Единствено нешто што навистина може да се заклучи е дека:

- Бројот на пријави за незаконити дејства кои ѝ штетат на природата и кои се случуваат во високопланинските предели на НПГ се движат од 12% до 55% од вкупниот број на пријави на целата територија. Со оглед апроксимативниот процент од околу 15% на високопланински предели во однос на вкупната територија на НПГ, бројката од 10% до 55%, којашто најчесто е над 20%, високопланинските предели претставуваат доминантна зона за незаконити дејства кои ѝ штетат на природата.
- Процентот на дејства кои ѝ штетат на природата и кои се случуваат во високопланинските предели на НПГ, во однос на вкупниот број незаконити дејства се намалува, но за жал пред сѐ поради зголемување на бројот на незаконити дејства во другите делови на паркот.

# Состојбата со незаконитите дејства според интервјуа спроведени на терен

Во интервјуата спроведени со локалното население и со институциите задолжени за управување со заштитеното подрачје, се утврди присуство на дел од референтните забранети дејства кои ѝ штетат на природата. Покрај тие незаконити дејства се идентификуваа и други, кои се вклучени во овој извештај. Но, во процесот на спроведувањето на интервјуата, особено она со локалното население, се утврди дека граѓаните во поголема мера не се запознаени што е легално, а што не е легално. Ова значи дека за оние дејства кои се предмет на одобрение, навистина и не можат да одредат дали некој ги спроведува со дозвола или без дозвола.

Оваа дилема во однос на тоа што е незаконито, е присутна и кај вработените во субјектите задолжени за управување со заштитените подрачја. Во некои случаи таа е отворено поставена како прашање, додека во други случаи, при интервјуата се дадени информации кои насочуваат на непознавање на законската регулатива или на одлуките кои управата на заштитеното подрачје ги донела.

Иако скоро во сите заштитени подрачја, предмет на ова истражување утврдено е присуство на бројни видови незаконити дејства, обемот и честотата не е познат. За честотата, во најголема мера може да се каже дека се ретки. Според стручните лица, вработени во субјектите задолжени за управување со заштитените подрачја, во високопланинските предели се случуваат едвај 5% од незаконитите дејства. Од проста причина што тие се високо, тешкодостапни и тие кои наумиле нешто да направат, тоа го прават пониско, каде што полесно може да пристапат со моторно возило. Сепак, сето тоа треба да се земе со доза на резерва, бидејќи достапните податоци покажуваат дека, сепак, процентот на незаконити дејства кои се евидентираат во високопланинските предели е повисок од перцепцијата.

| | СП Вевчански Извори | НП Галичица | НП Маврово |
|---|---|---|---|
| Незаконит лов | присутно | присутно | присутно |
| Бесправна сеча | присутно | присутно | присутно |
| Оставање отпад | присутно | присутно | присутно |
| Бесправно собирање на диви видови | присутно | присутно | присутно |
| Движење надвор од обележана патека | | присутно | |
| Палење оган | присутно | присутно | присутно |
| Водење куче | | присутно | |

Табела 14. Незаконити дејства забележани во високопланинските предели на заштитените подрачја

Погоре истакнатиот број пријави, односно предметите кои завршиле пред јавен обвинител, а се однесува на незаконити дејства кои ѝ штетат на природата во високопланинските предели на заштитените подрачја е многу мал во споредба со видовите, честотата и обемот на незаконитите

дејства кои ги просведочува локалното население, но и на самодовербата со која локалното население кажува дека тоа се случува. На пример, во пределот на Голема Жировничка Планина (Дешат) во септември 2021 година, од група работници во пограничната зона, скоро секој ден, со исклучок на дождливите денови, се приметени две до три групи лица со коњи натоварени со вреќи кои ја преминуват зелената граница кон соседна Албанија. Од нивните директни средби дознаваат дека лицата од Албанија берат салеп. Овие групи лица од Албанија кои берат диви видови остануваат најчесто неприметени бидејќи остануваат во пограничната зона.

## Присутни незаконити дејства кои ѝ штетат на природата

### Незаконит лов

Незаконитиот лов е забележан во сите заштитени подрачја од страна на интервјуираните лица, но и од официјалните податоци. Забележани се лица со пушки индивидуално, но и групи. Постојат случаи каде лица се затекнати со пушки како пукаат, најчесто без улов, а некои од овие имаат и судски разрешници. Но, забележан е и незаконит лов со замки, а сторителите не се познати.

Во СП Вевчани ретко се забележува лов, а според интервјуираните, тој се поретко го има, односно во изминатите години, по прогласувањето на СП и ангажирањето на чуварска служба, лицата кои се сретнати со пушки се информираат и едуцираат дека се наоѓаат во заштитено подрачје, поради што од минатата година не се забележани ловџии.

Во НП Маврово и интервјуираните лица и официјалните податоци потврдуваат присуство на лица кои ловат, за што постојат и неколку случаи кои имаат судски разрешници. Интересно е дека во НП Маврово локалното население забележува пукање од лица кои се незаконито преминати од соседната земја. За овие работи локалното население ги информира субјектот задолжен за управување со заштитеното подрачје и Граничната полиција. Но, поради далечината и непристапноста каде што се случува тоа, немало спроведена активност на спречување на овие незаконски дејства.

Во НП Галичица, според интервјуираните, лов со пукање се случува во пониските делови на паркот, како што е локалитетот Асан Џура, кој иако е на 1400 м н.в., локално се смета за високопланинско подрачје. Во високопланинските предели над 1650 м н.в., според интервјуираните лица, во последните години ловот е намален до степен да скоро го нема. Интервјуираните лица сметаат дека тоа е поради зголеменото присуство на туристи кои сакаат да го искачат врвот Магаро. Според интервјуираните лица незаконитиот лов во минатото бил практикуван од лица кои од Албанија незаконито ја преминувале границата кај локалитетот Кота 10. И оваа пракса е намалена до степен да повеќе ја нема, според интервјуираните лица.

Во високопланинските предели на НП Галичица, присутен е лов со замки, т.н. примки. Овој начин на лов предизвикува болки кај фатеното животно, при што тоа се мачи сѐ додека тој што ја поставил замката не помине да ја провери, а тоа може да биде со денови или недели. Еден ваков случај е забележан од медиумите во 2017 година кога мечка се има фатено во замка, мечката во обид да се успие со средство за да се отстрани од замката, поради (грешна) преголема доза на средство за успивање е убиена. Лица кои поставуваат замки не се фатени, па не се знае со сигурност кој ги поставува. Поради присуството на лов со замки од албанската страна на границата и поради тоа што делот на Стара Галичица е полесно пристапен од албанската страна, се претпоставува дека замките на македонската страна од границата се во најголема мера поставени од лица кои незаконито ја преминале границата со Република Албанија, но исто така се

претпоставува дека дел од замките се поставени и од локалното население. Досега се најдени стотина замки, иако повеќето во пониските делови на планината. Локалните планинари, како и ЈУНП Галичица кога ќе откријат замка ги отстрануваат. Од АК Патагонија и Планинарската спасителна служба, се надеваат дека ќе успеат да најдат средства за фотозамки со чија помош ќе ги фатат сторителите на дело.

Во НП Галичица е присутен и незаконит лов со фарови, кој најчесто се случува на самите патишта и тоа навечер, поради што на дело не се фатени сторители, но на интервјуираните лица им е познато дека тоа се случува. Имено, локалното население упатува дека теренските возила со голем број на светла се користат за таков вид на лов, каде што мета се зајаци, кои во ноќта биваат заслепени од фаровите и може да се фатат лесно.

Постоењето на дејства на незаконит лов, иако повремено, претставува фактор кој влијае на чувството на безбедност при посета на планината. И локалното население и посетителите планинари кои беа интервјуирани истакнуваат страв кога ќе сретнат лица со пушки високо во планините. Тоа особено го истакнуваат и при прошетките кои се организираат со гости посетители, поради што се остава лош впечаток на небезбедност што може да влијае негативно на промоцијата на заштитеното подрачје како туристичка дестинација.

### Бесправна сеча

Во сите заштитени подрачја е забележана бесправна сеча од страна на локалното население. Иако е релативно земено дека таа се случила токму во високопланинските предели на заштитените подрачја, од причина што во тие предели нема многу шуми. Бесправната сеча ја врши локално население, најчесто тоа е население кое е невработено.

### Оставање отпад

Отпадот претставува најчесто забележаната незаконито дејство во заштитените подрачја, од причина што тоа дејствие е единствено за кое е познато дека е незаконито. Оставањето отпад во високопланинските предели на заштитените подрачја се врши најчесто од индивидуалци или групи на лица, локално население, посетители на заштитеното подрачје, но и лица кои работат во Паркот како што се секачите на дрва. При тоа отпадот кој го создаваат го оставаат во заштитеното подрачје.

Во НП Галичица е забележано дека отпадот кој го оставаат посетителите се намалува како се оди повисоко, односно најчесто е во подолните предели. Исто така, забележуваат дека свеста, особено кај младите е поголема во однос на пред неколку години и забележуваат се помалку оставен отпад во планините од посетителите. Дополнително, забележано е дека странските туристи го собираат отпадот кој го оставаат домашните посетители и помагаат во чувањето на природата.

За локалното население, како и за посетителите отпадот влијае непријатно. Кај посетителите остава лош впечаток, што придонесува да заштитеното подрачје се промовира како дестинација со отпад која не е препорачано да се посети. Ова индиректно се рефлектира врз локалното население кое го темели својот живот на заработка од посетители да има намален приход. Дополнително, во зависност од видот, отпадот ја загадува почвата и акватичните системи со што понатаму влијае и врз здравјето на луѓето.

Локалното население редовно пријавува кога ќе забележи отпад. На тоа од субјектот задолжен за управување со заштиетното подрачје реагираат и го чистат. Но, потребни се мерки кои преку едукација и казни ќе го спречат ваквото однесување.

### Незаконито собирање диви видови

Забележани се три вида на дејства на незаконито собирање на диви видови. Едното е собирање на диви видови кои е дозволено да се собираат, но собирањето се прави без дозвола. Другиот вид е собирање на диви видови кои се заштитени, односно забранети за собирање и третиот вид е целосно остранување на растенија од нивните живеалишта. Поради намалениот број на лица од локалното население кои собираат диви видови, забележано е дека собирачите се лица од другите делови на Републиката, но и од соседните земји, кои најчесто со коњи незаконито ја преминуваат границата.

Собирањето на диви видови без дозвола, како незаконито дејство е тешко за забележување од локалното население, односно посетителите, бидејќи дозволата за собирање не е јасно видлива, односно за да може некој да дознае, треба да ги праша собирачите и при тоа потенцијално да се изложи на опасност од несакани расправии. Меѓутоа, при среќавањето на лица од соседна земја кои собираат диви видови и за тоа е забележано дека незаконито ја преминале границата е по јасно дека станува збор за незаконито дејство.

Собирањето на диви видови кои се заштитени е забележано најчесто во однос на дивиот чемер - *Gentiana lutea* (линцура, сириштарка), кој се собира во СП Вевчански Ізвори и во НП Маврово. На територијата на СП Вевчански Извори, според локалното население, дивиот чемер масовно бил собиран и уништуван од страна на лица од Албанија, до пред 3 години, кои доаѓале со коњи и со копачи ги ваделе корењата и полнеле вреќи. Оваа година веќе се забележува подмладок од див чемер.

Собирањето на растенијата со нивно отстранување, односно корнење е присутно во сите три заштитени подрачја. Корнење е забележано за дивиот чемер во НП Маврово и СП Вевчански Извори, за охридскиот чај во НП Галичица, за салепот во СП Вевчански Извори и НП Маврово. Но, се собираат и други видови на растенија, каде коренот е предмет на собирање.

Во СП Вевчански Извори е забележано дека има голем број лица од селата од другата страна на Јабланица - од Албанија кои, поради пандемијата и неможноста да одат на печаба во Италија, одбрале да заработуваат со собирање на диви видови. Присуството на незаконитото собирање на диви видови од страна на лица кои незаконито ја преминале границата е поврзано со потребата на тие лица да заработат за живот поради немањето можности за друг извор на заработка. Исто така, забележано е присуство на лица од Кичево кои при собирање на боровинка применувале неодржливи практики.

Во НП Галичица најголемо внимание добива локално познатото растение охридски чај - *Sideritis raeseri*. Чајот се собира за лични и за комерцијални потреби, а неретко се собира и на неодржлив начин: со корнење, млад и не процветан. Во последно време се забележува намалување на лица од локалното население кои собираат чај. Но, затоа на нивно место доаѓаат посетители од подалечни населени места, како што е Струга, а и од соседна Република Албанија. За справување со собирачите на чајот ЈУНПГ, во минатото кога спроведувале акции за спречување на собирање на чај, се соочиле со неефикасноста на судството. И покрај приложените докази судот пресудил да бидат ослободени сторителите, бидејќи сметал дека не било тоа голема работа. Во изминатите неколку години се врши мониторинг на популациите на чајот, при што е утврдено дека берењето нема значително негативно влијание на популациите. Поради ова и поради неефикасноста на судството, ЈУНПГ престанал да го спречува берењето за лични потреби. Додека за комерцијални потреби, поради немањето на студија за чајот за да ги одреди количините кои може да се собираат (квоти), ЈУНПГ не издава дозволи за берење чај.

Во НП Галичица е забележано и собирање на заштитени, локални ендемити, кои лицата ги собираат поради тоа што не го разликуваат локалниот ендемит од неговиот сроден вид. Таков е случајот со Живоиновиот смиљ - *Helichrysum zivojinii*, кој го собираат мислејќи дека е обичниот

смиљ - *Helichrysum arenarium,* кој не е заштитен. Со цел намалување на овие незаконити дејства, ЈУНПГ планира од оваа, 2021 година на влезот во паркот да дели флаери и брошури со информативен карактер со кои ќе ги запознаат посетителите со информации за посета, но и со информациите за забранетите дејства во паркот.

Во НП Маврово, како најголемо заштитено подрачје во државата, има и најмногу економски дејства на собирање диви видови во заштитено подрачје. Тука се издаваат дозволи, но зебележани се и лица кои собираат без дозволи. Собирањето без дозволи пак е поддржано и со присуство на откуп без дозвола, односно незаконит откуп на диви видови. Незаконитото собирање на диви видови се проценува на 60 до 500 кг годишно, по лице. Но, не е познато колку лица тоа го практикуваат незаконито, а индикациите навестуваат на десетици, а можеби и повеќе.

Во НП Маврово, покрај домашните собирачи (со и без дозволи) забележани се и собирачи од соседните земји: Албанија и Косово. Најчесто се собираат: јаглика (петопрст) - *Primula veris*, салеп - *Orchis sp.* и боровинка *Vaccinium myrtillus*, но незаконито се собираат и заштитени видови како дивиот чемер - *Gentiana lutea* (линцура, сириштарка). Проблемот со присуството на собирачи од Албанија и Косово е тоа што покрај тоа што тие собираат без дозвола, тие исто така применуваат неодржливи методи за собирање, ги корнат целите растенија или го собираат коренот со што влијаат на намалувањето на популациите на растенијата. За собирачите од Албанија и Косово, локалното население кажува дека се сиромашни и дека тоа го прават за да опстанат.





Слика лево: Собирач на диви видови од с. Рабдишт, Албанија, во НП Маврово, собира корен од *Chenopodium bonus-henricus.* Слика десно: копач за вадење корења од *Chenopodium bonus-henricus*

За локалното население, присуството на незаконитите собирачи како и собирачи од соседните земји кои незаконито ја преминуваат границата, претставува конкуренција за живот, бидејќи има дел од локалното население кои исто така се занимава со собирање на диви видови. Покрај ова, локалното население забележува дека се намалува присуството на боровинката, поради собирањето со корнење кое го применуваат лицата од Албанија. Имено во Албанија за целото растение, вклучително и листот имало откуп. Локалното население веќе има потешкотија да собере боровинка за свои, домашни потреби и стравува дека ситуацијата ќе се влошува. Дополнително, локалното население изразува загриженост за својата безбедност поради присуството на лица кои незаконито преминале граница.

ЈУНПМ во минатото спровело дејства за спречување на незаконитите дејства на собирачите од соседната земја, но тоа им се вратило со одмазда, каде собирачите од соседните земји запалиле пожари во заштитеното подрачје. Поради тоа, од ЈУНПМ одлучено е да се применуваат исклучиво мерки на едукација, односно кога ќе ги сретнат со разговор и информирање се обидуваат да ги одвратат од незаконитите дејства. Единствено, кога ќе ги сретнат незаконитите собирачи на планината Бистра, односно во пониските делови на Паркот, тие спроведуваат казнени мерки.

Благодарение на поддршка од проекти и странски донации, во НП Маврово спроведени се обуки за одржливо собирање. На тие обуки таргетирано е локалното население кое живее во паркот. Но, според исказите на интервјуираните, вакви обуки не се направени за лица кои живеат надвор од паркот, кои според исказите на интервјуираните лица се најчести собирачи во НПМ.

## Движење надвор од патеката за посетители

Движењето надвор од патеката за посетители е особено важно, доколку при тоа потенцијално се загрозува поплуација на заштитени и ретки видови, како што се стено ендемитите во НП Галичица. Оваа појава е забележана засега само во НП Галичица, од причина што НП Галичица е туристички најпопуларна дестинација и имаат воспоставено пешачка патека во строго заштитена зона.

За да се спречи оваа појава ЈУНПГ работи на обновување на маркациите, има изработено и апликација за мобилен со системот на патеки, но и привлекување на посетителите кон други делови од НПГ, подалеку од строго заштитената зона. Посетителите и локалното население забележуваат дека има простор за подобрување во однос на поредовно одржување на маркацијата, но и зголемување на бројот и честотата на маркациите, како полесно би било да се најдат и следат патеките.

## Палење оган

Палењето оган во високите предели на заштитените подрачја е исто така честа појава. Најчесто тоа е од локалното население, но и од посетители на заштитените подрачја кои прават излет и палат скара. Иако ретко кога се среќаваат сторителите, огништа од некогаш запален оган се среќаваат редовно и тоа на места каде за тоа не е предвидено. Оган палат и овчарите, со цел да го сузбијат растењето на смреката на пасиштата.

Забележани се и пожари кои се започнати од другата страна на границата, но и случаи каде лица од соседната земја, по незаконито преминување на границата, запалиле пожар (понекогаш и намерно) во високопланинските предели на заштитеното подрачје.

Мислењата се поделени околу тоа кој е вистинскиот начин за справување со ситуацијата. На пример ЈП за стопанисување со пасишта (ЈПСП) информираат дека бројот на пожари на едно

место се зголемува со бројот на луѓе кои го посетуваат местото, а спротивно од тоа, ЈУНПГ смета дека присуство на планинари и велосипедисти е добро токму во периодот на пожари, бидејќи тие ги информираат вработените во Паркот доколку забележат пожар и со тоа им помагаат во навремено детектирање и справување со пожарите. Од ЈУНПГ информираат за воспоставената добра соработка со планинарите кои учествуваат и во самото гаснење на пожарите, односно даваат помош и поддршка на луѓето кои го гаснат пожарот.

Во текот на подготовката на овој извештај, 2021 година, поради големата суша и опасноста од пожари, во месец август и почетокот на септември беше прогласена целосна забрана за движење во шума и шумско земјиште со што забрането беше движењето и на лица кои се подготвени да помогнат преку пријавување.

### Водење куче

Вознемирувањето на животните е забрането со Законот за заштита на природата (2004, член 21 и 38). Оттука во НП Галичица забрането е водење на куче, односно присуство на куче. И покрај што оваа забрана е искомуницирана на информативните табли, сепак многу луѓе се движат во паркот водејќи куче. Најчесто тоа е поради незнаење.

За справување со ова дејство, ЈУНПГ информативните табли ги дополни со информација за тоа што е забрането, а планира од оваа година (2021) на влезните точки во Паркот да дели информативни флаери и брошури со цел да ги едуцира посетителите.

## Локација на незаконитите дејства кои ѝ штетат на природата

Од интервјуата спроведени, поточно од мапирањето на незаконитите дејства при интервјуирањето на локалното население и засегнатите страни, може да се заклучи дека во најголема мера незаконитите дејства во високопланинските предели на заштитените подрачја, кои ѝ штетат на природата се случуваат во зоните на строга заштита, односно, се случуваат во пределите кои се сметаат за значајни поради својата биолошка разновидност. Оттаму произлегува и важноста на интервенциите кои се потребни за справување со овие незаконити дејства, односно, дури и во споредба со други делови од заштитените подрачја бројот и обемот да е помал, важноста е поголема кај високопланинските предели.

Подолу се прикажани резултатите од партиципативното мапирање спроведено во рамките на интервјуата. За основа се земени мапите на заштитените подрачја со зонирањето, а со шрафура е прикажан локалитетот каде што интервјуираните лица посочија дека има присуство на незаконити дејства. Исклучок е мапата на НП Маврово, поради тоа што репрогласувањето на националниот парк е сè уште во процедура и точните зони на паркот сè уште не се дефинирани. Но, направени се споредби со експертските студии и предлозите за зонирање, поради што и тука може да се заклучи дека добар дел од незаконитите дејства се случуваат во деловите кои се очекува да се со строга заштита.




Мапа 1. Локација на незаконити дејства кои ѝ штетат на природата во СП Вевчански Извори. Извор на мапата: План за управување со споменикот на природата Вевчански Извори 2019-2029 година




Мапа 2. Локација на незаконити дејства кои ѝ штетат на природата во НП Галичица.
Извор на мапата: План за управување со национален парк Галичица за периодот 2021-2030




Мапа 3. Локација на незаконити дејства кои ѝ штетат на природата во НП Маврово.[1]
Извор на мапата: Национален парк Маврово

[1] Мапата искористена тука служи само за илустративни цели. Точното зонирање во НП Маврово сè уште е недефинирано и е во процедура заедно со репрогласувањето на паркот.

# Соработка помеѓу локално население и субјектите кои управуваат со заштитеното подрачје

Соработка помеѓу локалното население и субјектите задолжени за управување со заштитените подрачја постои. Локалното население најчесто е во комуникација со лицата одговорни за заштитените подрачја и пријавуваат незаконити дејства доколку ги видат. Сепак, постои и доза на недоверба кон институциите, поради што граѓани неретко избираат да пријават незаконито дејство во локално здружение на граѓани кои е активно во заштитата на природата, или воопшто да не пријават. Тоа остава простор и потреба за подобрување и зголемување на капацитетот и ефективноста за справување со незаконити дејства кои ѝ штетат на природата на субјектите кои управуваат со заштитените подрачја.

## Пријавување незаконити дејства

Во согласност со Законот за заштита на природата (2004; ЗИДЗЗП, 2006, 2007, 2010, 2011а, 2011б, 2013а, 2013б, 2014, 2015, 2016; ЗДЗЗП, 2012; ЗИЗЗП, 2016, член 183-а, параграф 4 став 1) секое физичко лице има обврска да ја извести чуварската служба основана или определена од субјектите кои ги вршат работите на управување со заштитеното подрачје за забележано загрозување на одредени видови или за недозволени дејства кои се спроведуваат на заштитеното подрачје. Доколку физичкото лице не ја исполни оваа обврска, нему ќе му се изрече глоба во износ од 100 евра според истиот закон (Закон за заштита на природата, 2004; ЗИДЗЗП, 2006, 2007, 2010, 2011а, 2011б, 2013а, 2013б, 2014, 2015, 2016; ЗДЗЗП, 2012; ЗИЗЗП, 2016, член 183-а, параграф 4).

Од интервјуата направени со локалното население кое живее во и околу заштитените подрачја предмет на овој извештај, добар дел од жителите пријавуваат незаконити дејства. При тоа, тие тоа го вршат на неформален, односно полуформален начин, преку јавување на телефон на пријател кој работи во субјектот задолжен за управување со заштитеното подрачје. Од страна на субјектите кои се задолжени за управување со заштитеното подрачје забележани се реакции, а понекогаш и повратна информација за увидот кој е направен и дејствата преземени за справување со сторителите. Но, има и случаи кога ништо не е направено по дадената информација за незаконито дејство, понекогаш дури и кога станува збор за дејство кое го загрозило животот на посетители на заштитеното подрачје. Локалното население смета дека непреземањето на корективни дејства од страна на одговорните лица од субјектот задолжен за управување со заштитеното подрачје е за да не се замерат со сограѓаните кои се сторители на незаконитите дела. Ваквите примери ја имаат нарушено довербата на граѓаните кон субјектите кои управуваат со заштитените подрачја и дел од граѓаните не сметаат дека пријавувањето на незаконитости е целисходно, односно дека субјектот кој управува со заштитените подрачја ќе направи нешто по добиената пријава.

Главен недостатокот на пријавувањата кои ги прават посетителите и локалното население до субјектите задолжени за управување со заштитеното подрачје, е тоа што тие не се официјално евидентирани од страна на субјектот задолжен за управување со заштитеното подрачје. Поради овој недостаток, тешко е да се направи анализа за незаконити дејства базирана на податоци, бидејќи податоците или не постојат или се оскудни. Исклучок е ЈУНПГ, кои од декември 2019 година имаат воспоставено протокол за запишување на пријавите кои пристигнуваат и се води евиденција дури и пред воспоставувањето на протоколот. Сепак, и во овој случај, оставено е до

чувството на одговорност кај лицето до кое е стигната информацијата дали тоа ќе биде заведено како официјален запис или не.

Покрај пријавите кои се доставуваат до субјектите кои управуваат со заштитеното подрачје, пријави може да се достават и до други институции задолжени за одредени аспекти од заштитата на природата. Такви се полицијата и инспекторатите.

## Пријави до полиција

Локалното население ретко, скоро и да не пријавува во полиција. Интервјуираните лица истакнаа дека одбегнуваат да пријавуваат во полиција бидејќи процесот на пријавување во полициска служба трае многу долго, понекогаш им одзема три дена. За разлика од пријавувањето во полиција, пријавувањето во ЈУНПГ е поедноставно - по телефон на вработен кого го познаваат.

Телефонските пријави во полиција се снимаат и веднаш стануваат официјални. Ова повлекува и обврска за полициска проверка на секоја пристигната пријава. Непријавувањето во полиција дава простор пријавата да не биде забележана. Оттука, иако пријавувањето во полиција не е задолжително, тоа претставува препорачан метод на пријавување поради трагата која се остава.

## Пријави до инспекторатите

Државните инспекторати имаат задача да се осигураат дека законите се спроведуваат. При тоа граѓаните може да пријавуваат до инспекторатите незаконитости направени од субјектите кои управуваат со заштитеното подрачје.

Државниот инспекторат за животна средина (ДИЖС) е задолжен за надзор над спроведувањето на одредбите од Законот за заштита на природата. Од неодамна ДИЖС воспостави едноставен начин на кој граѓаните може да пријават незаконитости - преку Фејсбук страната на ДИЖС. Пријавите кои пристигаат се прегледуваат, се препраќаат доколку се од областа на надлежност на друга институција, и се постапува соодветно доколку пријавите се потврдат за валидни. За жал, преглед на пријави кои се однесуваат на незаконити дејства кои ѝ штетат на природата во високопланинските предели од ДИЖС не е возможен поради тоа што архивата неодамна им изгоре. Само од сеќавање, вработените информираат дека досега немало пријава која се однесува на високопланинските предели на заштитените подрачја. Сепак, од ДИЖС препорачуваат дека во случај на незаконитост, потребно е да се пријави и кај нив и до општинските инспекторати за животна средина, покрај пријавата до субјектите кои управуваат со заштитените подрачја.

Државниот инспекторат за шумарство и ловство (ДИШЛ) е задолжен за надзор над спроведувањето на одредбите од Законот за шумите. Граѓаните може да пријават што било што е поврзано со одгледувањето, заштитата и користењето на шумите, објектите, уредите и направите, како и сите места каде дрвото се сече, изнесува од шума, пренесува, превезува, сместува, преработува и се пушта во промет, како и средствата со кои дрвото се пренесува. Во изминативе 10 години во ДИШЛ пристигната е само една пријава, по барање од Општина Маврово и Ростуше, која се однесува на територијата на НП Маврово.

# Како до помалку незаконити дејства во високопланинските предели на заштитените подрачја?

Во спроведените интервјуа прашани беа за размислување и идеи како вработените во субјектите задолжени за управување со заштитените подрачја така и локалното население. Оттука, може да се издвојат неколку предлози и размислувања, кои донекаде се преклопуваа и повторуваа, а би можеле да придонесат во заштитата на природата, односно во намалувањето на незаконитите дејства во заштитените подрачја. Некои од овие предлози се веќе докажани во едно од заштитените подрачја вклучени во овој извештај, поради што нивното спроведување може да биде олеснето преку процес на пренесување на искуството од едно во друго заштитено подрачје.

## 1. Зголемено присуство на љубители на природата во високопланинските предели на заштитените подрачја.

Според мислењата и на стручните лица и на локалното населние, ова е мерка која најмногу позитивно влијае на намалувањето на незаконитиот лов, па и на други незаконити дејства во високопланинските предели на заштитените подрачја. На пример, во НП Галичица е забележано дека во последните две години поради зголеменото присуство на туристи на Стара Галичица, кон врвот Магаро, нема веќе случаи на лов на дива коза со пушка.

## 2. Вклучување на локалното население во заштитата на природата.

Во 2012-2013 година, во ЈУНПГ била иницирана програма на млади ренџери. Но, за жал, таа не заживеала. За нејзино враќање како програма се заинтересирани планинарите за да можат и официјално да учествуваат во процесот на заштитата на природата. Вакви програми би можеле да се воспостават и во другите заштитени подрачја, така што локалните жители, кои се и љубители на природата би можеле да се вклучат и преку соработка со субјектите задолжени за управување со заштитените подрачја, да помогнат во заштитата на природата, односно да придонесат во надополнување на капацитетите за заштита на природата на субјектите задолжени за управување со заштитените подрачја.

## 3. Носење на подзаконски акти од Законот за заштита на природата.

Законот за заштита на природата пропишува дека чуварската служба (ренџерите) на заштитените подрачја имаат и носат оружје. Меѓутоа, начинот на користење на оружјето е предмет на подзаконски акт кој се чека да биде донесен од страна на Министерството за животна средина и просторно планирање и Министерството за внатрешни работи уште од 2004 година. Сегашната ситуација ги поставува чуварите на заштитените подрачја во незавидна положба, бидејќи треба да се справуваат со лица кои вршат незаконити дејства и можно е да се вооружени.

Сепак, во исполнувањето на оваа одредба од Законот за заштита на природата (2004), која е повеќе од потребна, истовремено е потребно да се преиспитаат условите кои се потребни за одредено лице да биде чувар во заштитеното подрачје, особено кој ќе биде чувар кој носи оружје.

## 4. Едукација

Едукација на локалното население и на посетителите е потребна за да се спречат незаконити дејства кои произлегуваат од неинформираност.

При спроведувањето на интервјуата со локалното население се истакна прашањето околу тоа што е легално, односно многу од интервјуираните и покрај својата директна интеракција со заштитеното подрачје не се информирани што е легално, а што не е. Дури забележано е дека и самите вработени не се сосема сигурни што е дозволено, а што не. Потребно е надминување на оваа состојба преку јасни информации поставени во заштитените подрачја, но и преку континуирано информирање и едукација на локалното население и посетителите на паркот од страна на субјектите задолжени за управување со заштитеното подрачје. Чести и редовни информативни табли на бројни места каде што се движат посетителите би бил добар почеток.

Потребна е и едукација на собирачите на дивите видови (чаеви и печурки). Од Маврово информираат дека 650 собирачи од Маврово и регионот се обучени за одржливо собирање. Меѓутоа, според информациите дека главни собирачи се всушност лица од другата страна на границата (Албанија и Косово) и лица од Кичевско, но и од с. Горно Јаболчиште, Велешко. Слично и во СП Вевчански Извори, лица од Албанија и Кичево доаѓаат да собираат, а и во НП Галичица, каде што лица од Струга доаѓаат да собираат. Затоа, потребно е таа едукација да биде насочена и надвор од паркот, кон оние кои навистина се активни собирачи.

## 5. Зголемен капацитет на чуварите на заштитените подрачја

Потребно е бројот на чувари во заштитеното подрачје да соодветствува на површината која тие ја чуваат, за да можат соодветно да ја покријат територијата и да следат што се случува во заштитеното подрачје. Меѓутоа, зголемување на бројот на чуварската служба е потег кој бара дополнителни средства. Моментално заштитените подрачја не располагаат со средства од буџетот, туку се на база на самофинансирање. Оттука, секоја активност за да се зголеми бројот на вработени ќе биде поврзана со зголемена искористеност на природните ресурси.

Покрај бројноста, потреба е и чуварите да се соодветно обучени за да можат да ги извршуваат своите задачи. Тие покрај тоа што треба да чуваат, треба да бидат способни да собираат докази на соодветен начин за да можат да изградат случај против некое лице кое врши незаконити дејства.

Иако неспомнато од страна на интервјуираните лица, униформата на чуварската служба е предмет за развој. Во процесот на подготовка на овој извештај сретнати беа пет чувари, при што сите пет чувари имаа различна облека. Унифицирањето на униформата може да донесе свои користи како препознатливост меѓу посетителите и населението.

## 6. Интеракција и вклученост на јавноста

Локалното население треба и сака да биде вклучено во заштитата на природата во заштитеното подрачје. Еден можен начин се програми кои покрај тоа што ќе овозможат вклученост, ќе го образуваат локалното население за вредностите на заштитеното подрачје. На тој начин ќе се овозможи населението да го засака заштитеното подрачје, да ги научи ретките видови кои ги има таму и да се грижи повеќе за него.

## 7. Поедноставување на процедурата за пријавување на незаконитости

Локалното население и посетителите сакаат да пријават, но тоа треба да биде едноставно, а искуството треба да биде пријатно и да ги поттикне и друг пат да пријават. Телефонскиот број од субјектот кој управува со заштитеното подрачје треба да биде видно истакнат низ заштитеното подрачје и да биде назначено времето кога може некој да се јави, односно потребно е да се има дежурен телефон или електронски начин кој ќе ги прибира пријавите и по работното време.

## 8. Прекугранична соработка

За да се спречи незаконитото преминување на државните граници и со тоа да се намали незаконското собирање на дивите видови од страна на граѓани од Албанија и/или од Косово, потребна е прекугранична соработка на институциите, како на субјектите кои управуваат со заштитените подрачја, така и на полицијата. Разбирајќи дека лицата кои ја преминуваат границата се лица кои се во неповолна финансиска ситуација и кои тоа го прават за да опстанат, прекугранична соработка може да биде остварена со институции и организации од другата држава и во поглед на економско јакнење и едукација на лицата кои собираат диви видови од друга држава со цел нивното дејство да не прави барем штета кон природата, односно за применување на одржливо собирање на дивите видови. Спречувањето на штетите врз природата треба да се извршат пред сè со едукација на населението, а не со казни.

## 9. Меѓуинституционална соработка

Чуварската служба на заштитените подрачја има недостаток од знаење, но и ингеренции за да може успешно и ефективно да се справи со незаконитите дејства. Дополнително, дел од незаконитите дејства се поврзани со други незаконитости кои се поврзани со други институции, како што се инспекторатите или полицијата. Оттука потребна е меѓуинституционална соработка и организирање на заеднички патроли и акции. На пример, заеднички патроли на чуварската служба со гранична полиција, заеднички акции на чуварската служба со полицијата, заеднички инспекции со државните, па и општинските инспекторати. Сето ова создава потреба од вмрежување на овие институции во справувањето со незаконитите дејства. Вакви дејства се повремено присутни во некое заштитени подрачја, но тие се сведени на волјата на лицата одговорни во даден период. Затоа меѓуинституционалната соработка има потреба и од формално востановување.

Покрај вмрежувањето помеѓу различните институции, потреба има и од вмрежување помеѓу заштитените подрачја. Имено, СП Вевчански Извори има нова чуварска служба која има потреба да учи од постарите колеги од националните паркови. Вмрежување на заштитените подрачја ќе обезбеди меѓусебна поддршка во борбата со незаконитите дејства.

# Земање предвид на човекови права

При справувањето со незаконитите дејства, потребно е да се земат во предвид човековите права и тоа особено да се земат предвид правата на жените, младите, старите и маргинализираните лица.

Мислењата и ставовите прибрани од страна на жените, во голема мера не се разликуваа во однос на заштитата на природата. Меѓутоа, се разликуваа во делот на чувството на безбедност при посета на заштитените подрачја. За жените е потребно да нема незаконити дејства за да може да се чувствуваат безбедно и слободно и сами да се движат во паркот. Мажите се чувствуваат побезбедно во однос на ова прашање, односно се сметаат посилни за да се одбранат. Меѓутоа покрај ова, жените нагласија и потреба да бидат заштитени од тие кои го заштитуваат паркот. Забележани се случаеви на непристојно однесување со сексуална конотација од страна на чуварите на заштитените подрачја. Ова особено е нагласено во НП Галичица, каде што бројот на туристи е голем и интеракцијата на чуварите на заштитеното подрачје со посетителите е зголемена. Во тој поглед, потребно е особено внимание при избирањето на методите за заштита на природата, но и на лицата кои се вработуваат за да бидат чувари во заштитеното подрачје. Ова особено треба да се земе предвид при понатамошното решавање на носењето оружје од страна на чуварите на паркот. Обуката на чуварите треба да биде соодветна, а спроведувањето на условите за носење оружје, треба да биде доволно строго и редовно проверувано за да овозможат чувство на безбедност кај жените посетители на паркот.

Тоа што повлекува дебата е правото на опстанок на сиромашните, наспроти заштитата на природата. Имено во голем број на случаи се наведува дека одредени лица се занимаваат со бесправно собирање на диви видови или со бесправна сеча токму поради тоа што тие се сиромашни и тоа им е начин за да заработат за егзистенција. Затоа се смета дека доколку кон овие лица се пристапи со брза и строга реакција, односно се применат ригорозни мерки, тие мерки може да предизвикаат и негативен ефект. Односно, со тие мерки од една страна ќе се ограничи изворот на егзистенција на сиромашни лица, а од друга страна ќе се предизвика револт, кој според примерот во НП Маврово реакцијата била предизвикување пожар. Во тој поглед потребно е да се направат дополнителни анализи за ефектот на забраните и по потреба да се применат едукативни мерки или развојни мерки во кои на тие сиромашни лица ќе им се овозможи друг приход кој нема да прави штета на природата. Култивирањето на растенија кои интензивно се собираат од природата е еден од можните начини за истовремена заштита на природата но и економски бенефит на локалното население.

# Заклучоци и предлози

**Намалување на илегалните дејства во заштитените подрачја е важно за зачувување на биодиверзитетот и пределските вредности.** Ситуацијата со незаконитите дејства кои ѝ штетат на природата во високопланинските предели на заштитените подрачја е загрижувачка. Најголем број од строго заштитените зони се наоѓаат токму во високопланинските предели на заштитените подрачја и токму таму се случуваат незаконитите дејства. Оттаму важноста на адресирањето на ова прашање е од исклучителна важност бидејќи е поврзано со улогата и функцијата на тоа заштитено подрачје.

**Идентификуваните проблеми во трите заштитени подрачја опфатени со овој извештај се валидни и за други заштитени подрачја**. Покрај тоа што во овој извештај беа вклучени три различни заштитени подрачја, кои навидум се доста различни едни од други, проблемите со кои се соочуваат овие заштитени подрачја се слични и компаративни. Оттука можеме да заклучиме дека овој извештај иако се однесува само на три заштитени подрачја, заклучоците и предлозите за надминување на состојбата може да бидат соодветни и за други заштитени подрачја.

**Потреба од градење капацитети кај управувачите со заштитени подрачја.** Капацитетот на чуварската служба во заштитените подрачја не е секаде ист, а со зголемувањето на површината со која се управува се истакнуваат поголеми недостатоци во однос на бројот на лица кои се потребни за таа површина да биде ставена под контрола. Во услови каде субјектите кои стопанисуваат со заштитените подрачја се на самофинансирање, без прилив на средства од буџетот на државата, зголемување на бројот на вработените ќе дојде само како дополнителен товар врз користењето на природните ресурси со кои управува тој субјект. Во таа ограниченост, соработката со други е тоа што се истакнува како решение. Под други се мисли на други институции, граѓаните (доброволци) и граѓанските организации. Сепак, во рамките на сегашната бројност постои потреба од зголемување на техничките капацитети на заштитените подрачја да се справат со незаконити дејства, како што се знаења како да собираат и процесираат докази, но и во однос на комуникацијата како алатка за едукација на посетителите.

**Потреба за вмрежување на заштитените подрачја.** Чуварските служби на заштитените подрачја имаат потреба од размена на искуства и градење на свите знаења. Една таква можност може да се оствари преку национално вмрежување на заштитените подрачје. Но, таква можност постои и на меѓународно ниво преку поврзување со меѓународни мрежи на ренџери, односно чувари на паркови.

**Потреба од поголема информираност.** Информираноста на граѓаните околу правилата во заштитените подрачја, но и околу можностите за пријавување на незаконитости се на незадоволително ниво. Информацијата за тоа што е дозволено, а што е забрането, односно кои дејства се забранети и во кои предели на заштитените подрачја потребно е да е достапна и видлива за локалното население и за посетителите. Оваа информација, заедно со информацијата дека лицата се наоѓаат во заштитено подрачје потребно е да биде физички присутна на терен, но и достапна на интернет страниците на заштитените подрачја. При тоа, самото зонирање треба да биде истакнато за секој да биде свесен во која зона се движи и кои се правилата токму во таа зона. Но и да биде присутна и информација за тоа каде и како граѓаните може да пријават незаконитост. Зголемувањето на информираноста за правилата во заштитените подрачја изискува сеопфатен процес за да се надмине состојбата и да се зголеми свесноста на јавноста. Вклучување на граѓанските организации во овој процес може да ги помогне напорите на субјектите кои управуваат со заштитените подрачја.

**Потребна е поддршка за понатамошна соработка и вклучување на граѓаните.** Соработката со граѓаните, а со тоа и граѓанските организации треба да биде зголемена и зачестена. Примерот на соработката која се остварува помеѓу планинарите и ЈУНПГ е добра појдовна точка која е доказ за можностите и успесите во еден процес на соработка. Граѓаните и граѓанските организации во сите три заштитени подрачја истакнуваат подготвеност да се вклучат и да помогнат во заштитата на природата, а воедно и субјектите кои управитуваат со заштитените подрачја истакнуваат отвореност за соработка. Според тоа, потребен метод и основа да се поттикне таа соработка. Основање на совети на засегнати чинители или друштва на пријатели на заштитените подрачја кои ќе имаат редовни средби може да катализираат зголемено вклучување на граѓаните и подобрена соработка во функција на заштитата на природата.

**Поддршка при градење заемна доверба**. Една од причините поради која локалното население, односно посетителите не би пријавиле незаконитост е тоа дека немаат доверба во институциите. Институциите, особено субјектите кои стопанисуваат со заштитените подрачја не уживаат висок углед меѓу граѓаните. За да се зголеми довербата, субјектите кои стопанисуваат со заштитените подрачја треба да работат на нивната ефективност, транспарентност и особено на комуникацијата со јавноста. Една од мерките со кои би се воспоставила довербата е промовирањето на можности за пријавување на незаконитости во заштитените подрачја и транспарентност во реакцијата по тие пријави.

**Подобрување на системот на евидентирање илегални дејства**. Пријавувањето на незаконитости во заштитените подрачја се базираат на неформални процеси каде протокот на информациите се движи меѓу познаници или пријатели по неформални канали. Тоа создава недостаток на информација која треба да се искористи за анализа на состојбата со незаконитите дејства. Воспоставување на протоколи за водење запис на пријавувањето на незаконитости треба да се вгради во стандардните оперативни процедури на субјектите кои управуваат со заштитените подрачја.

**Потреба од институционална соработка.** Соработка со други институции, како што се: Гранична полиција, полиција, Државен инспекторат за животна средина и Државен инспекторат за шумарство и ловство е потребна за координирана заштита на природата. Таа соработка е оценета како недоволна. Еден од можните начини како да се поттикне меѓуинституционалната соработка е преку формирање на мрежа на институции, односно на лица кои вршат контрола на заштитата на природата. Такво вмрежување на институциите би придонело кон поефикасно и поефкетивно извршување на задачите од областа на заштита на природата и спречување на незаконити дејства.

**Потреба од подобрување на законските рамки.** Законите кои постојат даваат доволна правна рамка за заштитата на природата, иако подобрување со цел вклучување на дел од заклучоците од овој извештај е секогаш добредојдено. Тоа што претставува голем недостаток се недовршените подзаконски акти кои прават препреки во ефективна заштита на природата. Потребни се довршување на правните акти со цел давање целосна палета на ингеренции и алатки на чуварските служби на заштитените подрачја. Воедно, потребно е усогласување и едукација за примената на законските и подзаконските акти во заштитените подрачја.

**Потреба од подобрување на прекугранична соработка.** Неодржливите дејства на собирање и/или лов на диви видови во заштитените подрачја, спроведени од страна на граѓани на соседните држави се истакнати како еден од посериозните проблеми во високопланинските предели на заштитените подрачја. Тоа ја поставува потребата од прекугранична комуникација и соработка. Во услови каде заштитените подрачја се поставени на самата граница и од другата страна на границата исто така има заштитено подрачје, потребно е да се воспостави редовна прекугранична соработка помеѓу тие заштитени подрачја, со цел заеднички и координирани

дејства за намалување на незаконитите дејства, но и едукација на населението од двете страни на границата.

**Препорака за дополнителни истражувања.** Овој извештај открива само дел од состојбата со незаконитите дејства во заштитените подрачја и при тоа не прави длабински истражувања. За да може сеопфатно да се пристапи кон намалување и сопирање на незаконитите дејства, потребни се дополнителни истражувања.

- Потреба од проширување на овој извештај и подготовка на извештај за состојбата со незаконитите дејства во сите делови на заштитените подрачја како би се воспоставиле насоки за целата територија на заштитените подрачја.
- Потреба од анализа за капацитетите на институциите кои се поврзани со заштитата на природата. Недостатоци кај институциите се веќе воочени во овој извештај. Но, овој извештај не дава длабинска слика за капацитетите на институциите.
- Потреба од прекугранична анализа за дејствата на прекугранично користење на природните ресурси. Прекуграничното незаконито движење е присутно, но потребно е детална проценка на обемот и начините за негово решавање. Можеби и негово формално регулирање би било опција.
- Потреба од анализи за ефектот на забраните за користење на природните ресурси врз социјално загрозените лица во контекст на човековите права наспроти заштитата на природата.
- Потреба од истражување за перцепциите на граѓаните (локалното население и посетителите) за субјектите кои се одговорни за заштита на природата, особено во однос на угледот и довербата кон тие институции. Недостаток на доверба е утврдена во овој извештај. При што истражување посветено на перцепциите може да придонесе во процес на учење каде институциите треба да работат повеќе во врска со градење на однос кон јавноста, жителите и посетителите.

# Извори


- Закон за водите, 2008. СВРМ 87 од 15.7.2008 година. Скопје: СВРСМ.
- Закон за заштита на природата, 2004. СВРМ 67 од 4.10.2004 година. Скопје: СВРСМ.
- Закон за ловството, 2009. СВРМ 26 од 24.2.2009 година. Скопје: СВРСМ.
- Закон за пасишта, 1998. СВРМ 3 од 22.1.1998 година. Скопје: СВРСМ.
- Закон за шумите, 2009. СВРМ 64 од 22.5.2009 година. Скопје: СВРСМ.
- ЗДЗЗП, 2012. СВРМ 59 од 11.5.2012 година. Скопје: СВРСМ.
- ЗДКЗ, 2005. СВРМ 81 од 16.9.2005 година. Скопје: СВРСМ.
- ЗДКЗ, 2011а. СВРМ 51 од 13.4.2011 година. Скопје: СВРСМ.
- ЗДКЗ, 2013. СВРМ 82 од 5.6.2013 година. Скопје: СВРСМ.
- ЗДКЗ, 2014а. СВРМ 14 од 24.1.2014 година. Скопје: СВРСМ.
- ЗДКЗ, 2014б. СВРМ 115 од 1.8.2014 година. Скопје: СВРСМ.
- ЗДЗЛ, 2011. СВРМ 136 од 3.10.2011 година. Скопје: СВРСМ.
- ЗДЗЛ, 2015. СВРМ 33 од 3.5.2015 година. Скопје: СВРСМ.
- ЗДЗШ, 2011. СВРМ 53 од 14.4.2011 година. Скопје: СВРСМ.
- ЗДЗШ, 2013. СВРМ 25 од 19.2.2013 година. Скопје: СВРСМ.
- ЗИДЗВ, 2009. СВРМ 6 од 15.1.2009 година. Скопје: СВРСМ.
- ЗИДЗВ, 2011. СВРМ 51 од 13.4.2011 година. Скопје: СВРСМ.
- ЗИДЗВ, 2012. СВРМ 44 од 30.3.2012 година. Скопје: СВРСМ.
- ЗИДЗВ, 2013а. СВРМ 23 од 14.2.2013 година. Скопје: СВРСМ.
- ЗИДЗВ, 2013б. СВРМ 163 од 26.11.2013 година. Скопје: СВРСМ.
- ЗИДЗВ, 2014. СВРМ 180 од 5.12.2014 година. Скопје: СВРСМ.
- ЗИДЗВ, 2015. СВРМ 146 од 26.8.2015 година. Скопје: СВРСМ.
- ЗИДЗВ, 2016. СВРМ 52 од 18.3.2016 година. Скопје: СВРСМ.
- ЗИДЗЗП, 2006. СВРМ 14 од 3.2.2006 година. Скопје: СВРСМ.
- ЗИДЗЗП, 2007. СВРМ 84 од 4.7.2007 година. Скопје: СВРСМ.
- ЗИДЗЗП, 2010. СВРМ 35 од 12.3.2010 година. Скопје: СВРСМ.
- ЗИДЗЗП, 2011а. СВРМ 47 од 8.4.2011 година. Скопје: СВРСМ.
- ЗИДЗЗП, 2011б. СВРМ 148 од 21.10.2011 година. Скопје: СВРСМ.
- ЗИДЗЗП, 2013а. СВРМ 13 од 23.1.2013 година. Скопје: СВРСМ.
- ЗИДЗЗП, 2013б. СВРМ 163 од 26.11.2013 година. Скопје: СВРСМ.
- ЗИДЗЗП, 2014. СВРМ 41 од 27.2.2014 година. Скопје: СВРСМ.
- ЗИДЗЗП, 2015. СВРМ 146 од 26.8.2015 година. Скопје: СВРСМ.
- ЗИДЗЗП, 2016. СВРМ 39 од 29.2.2016 година. Скопје: СВРСМ.
- ЗИДЗЛ, 2012. СВРМ 1 од 3.1.2012 година. Скопје: СВРСМ.
- ЗИДЗЛ, 2013а. СВРМ 69 од 14.5.2013 година. Скопје: СВРСМ.
- ЗИДЗЛ, 2013б. СВРМ 164 од 27.11.2013 година. Скопје: СВРСМ.
- ЗИДЗЛ, 2013в. СВРМ 187 од 30.12.2013 година. Скопје: СВРСМ.
- ЗИДЗЛ, 2015а. СВРМ 147 од 27.8.2015 година. Скопје: СВРСМ.
- ЗИДЗЛ, 2015б. СВРМ 193 од 6.11.2015 година. Скопје: СВРСМ.
- ЗИДЗП, 2000. СВРМ 101 од 4.12.2000 година. Скопје: СВРСМ.
- ЗИДЗП, 2008. СВРМ 89 од 18.7.2008 година. Скопје: СВРСМ.
- ЗИДЗП, 2010а. СВРМ 42 од 26.3.2010 година. Скопје: СВРСМ.
- ЗИДЗП, 2010б. СВРМ 116 од 1.9.2010 година. Скопје: СВРСМ.
- ЗИДЗП, 2013. СВРМ 164 од 27.11.2013 година. Скопје: СВРСМ.

- ЗИДЗП, 2015. СВРМ 193 од 6.11.2015 година. Скопје: СВРСМ.
- ЗИДЗШ, 2011. СВРМ 24 од 25.1.2011 година. Скопје: СВРСМ.
- ЗИДЗШ, 2013а. СВРМ 79 од 31.5.2013 година. Скопје: СВРСМ.
- ЗИДЗШ, 2013б. СВРМ 147 од 28.10.2013 година. Скопје: СВРСМ.
- ЗИДЗШ, 2014а. СВРМ 43 од 4.3.2014 година. Скопје: СВРСМ.
- ЗИДЗШ, 2014б. СВРМ 160 од 31.10.2014 година. Скопје: СВРСМ.
- ЗИДЗШ, 2015а. СВРМ 33 од 5.3.2015 година. Скопје: СВРСМ.
- ЗИДЗШ, 2015б. СВРМ 147 од 27.8.2015 година. Скопје: СВРСМ.
- ЗИДЗШ, 2016. СВРМ 39 од 29.2.2016 година. Скопје: СВРСМ.
- ЗИДКЗ, 1999. СВРМ 80 од 17.12.1999 година. Скопје: СВРСМ.
- ЗИДКЗ, 2002. СВРМ 4 од 25.1.2002 година. Скопје: СВРСМ.
- ЗИДКЗ, 2004. СВРМ 19 од 30.3.2004 година. Скопје: СВРСМ.
- ЗИДКЗ, 2006. СВРМ 73 од 14.6.2006 година. Скопје: СВРСМ.
- ЗИДКЗ, 2008а. СВРМ 7 од 15.1.2008 година. Скопје: СВРСМ.
- ЗИДКЗ, 2008б. СВРМ 139 од 4.11.2008 година. Скопје: СВРСМ.
- ЗИДКЗ, 2009. СВРМ 114 од 14.9.2009 година. Скопје: СВРСМ.
- ЗИДКЗ, 2011а. СВРМ 51 од 13.4.2011 година. Скопје: СВРСМ.
- ЗИДКЗ, 2011б. СВРМ 135 од 3.10.2011 година. Скопје: СВРСМ.
- ЗИДКЗ, 2012а. СВРМ 142 од 13.11.2012 година. Скопје: СВРСМ.
- ЗИДКЗ, 2012б. СВРМ 166 од 26.11.2012 година. Скопје: СВРСМ.
- ЗИДКЗ, 2013. СВРМ 55 од 16.4.2013 година. Скопје: СВРСМ.
- ЗИДКЗ, 2014а. СВРМ 27 од 5.2.2014 година. Скопје: СВРСМ.
- ЗИДКЗ, 2014б. СВРМ 28 од 6.2.2014 година. Скопје: СВРСМ.
- ЗИДКЗ, 2014в. СВРМ 160 од 31.10.2014 година. Скопје: СВРСМ.
- ЗИДКЗ, 2014г. СВРМ 199 од 30.12.2014 година. Скопје: СВРСМ.
- ЗИДКЗ, 2015а. СВРМ 196 од 10.11.2015 година. Скопје: СВРСМ.
- ЗИДКЗ, 2015б. СВРМ 226 од 25.12.2015 година. Скопје: СВРСМ.
- ЗИДКЗ, 2017. СВРМ 97 од 31.7.2017 година. Скопје: СВРСМ.
- ЗИЗВ, 2009. СВРМ 161 од 30.12.2009 година. Скопје: СВРСМ.
- ЗИЗВ, 2010. СВРМ 83 од 23.6.2010 година. Скопје: СВРСМ.
- ЗИЗЗП, 2016. СВРМ 63 од 1.4.2016 година. Скопје: СВРСМ.
- ЗИЗП, 2009. СВРМ 105 од 21.8.2009 година. Скопје: СВРСМ.
- ЗИЗП, 2015. СВРМ 215 од 7.12.2015 година. Скопје: СВРСМ.
- ЗИЗШ, 2015. СВРМ 44 од 19.3.2015 година. Скопје: СВРСМ.
- ЗИЗШ, 2016. СВРМ 07 од 18.1.2016 година. Скопје: СВРСМ.
- ЗИКЗ, 2003. СВРМ 43 од 01.7.2003 година. Скопје: СВРСМ.
- ЗИКЗ, 2006. СВРМ 60 од 15.5.2006 година. Скопје: СВРСМ.
- ЗИКЗ, 2011б. СВРМ 185 од 30.12.2011 година. Скопје: СВРСМ.
- ЗИКЗ, 2014. СВРМ 132 од 05.09.2014 година. Скопје: СВРСМ.
- ЗПКСРМ, 2009. СВРМ 82 од 1.7.2009 година. *Исправка на Законот за ловството*. Скопје: СВРСМ.
- Кривичен законик, 1996. СВРМ 37 од 29.7.1996 година. Скопје: СВРСМ.
- МЖСПП, 2018. Национална стратегија за заштита на природата (2017 - 2027). [интернет] Скопје: МЖСПП (издадена 2018) Достапна на: <http://www.moepp.gov.mk/wp-content/uploads/2014/12/Национална-стратегија-за-заштита-на-природата-2017-2027.pdf> [Пристапено на: 13 јуни 2021 година]
- Национален парк Галичица, 2020. План за управување со Национален Парк Галичица за периодот 2021-2030. [интернет] Охрид: НПГ. Достапна на:

<http://www.moepp.gov.mk/wp-content/uploads/2014/12/%D0%A0%D0%B0%D0%B1%D0%BE%D1%82%D0%BD%D0%B0-%D0%B2%D0%B5%D1%80%D0%B7%D0%B8%D1%98%D0%B0-%D0%9F%D0%BB%D0%B0%D0%BD-%D0%B7%D0%B0-%D1%83%D0%BF%D1%80%D0%B0%D0%B2%D1%83%D0%B2%D0%B0%D1%9A%D0%B5-%D1%81%D0%BE-%D0%9D%D0%9F%D0%93-%D0%9A%D0%BD%D0%B8%D0%B3%D0%B0-1-2021-2030.pdf> [Пристапено на: 13 јуни 2021 година]

- Национален парк Маврово, 2015. Македонска мапа. [интернет] Достапно на: <https://npmavrovo.org.mk/македонска-мапа/> [Пристапено на: 13 јуни 2021 година]
- Општина Вевчани, 2019. *План за управување со Споменикот на природата Вевчански извори 2019-2029 година*. [интернет] Вевчани: Општина Вевчани. Достапна на: <https://vevcani.mk/dokumenti/PLAN%20S.P.%20-%20V.I.%20-%2009.2019%20-%20final.pdf> [Пристапено на: 13 јуни 2021 година]
- Oxfam Italia, 2011. *Студија за ревалоризација на заштитено подрачје Маврово*. [интернет] <https://www.moepp.gov.mk/wp-content/uploads/2015/01/Study-Mavrovo-Final-7.pdf>
- УСРМ, 2001. *Одлука*. 30.5.2001 година. Скопје: УСРСМ.
- УСРМ, 2002. *Одлука.* 6.2.2002 година. Скопје: УСРСМ.
- УСРМ, 2004. *Одлука.* 9.6.2006 година. Скопје: УСРСМ.
- УСРМ, 2006. *Одлука.* 5.4.2006 година. Скопје: УСРСМ.

# Анекс 1. Преглед на закони и членови од закони кои се однесуваат на дејствија кои ѝ штетат на природата

**Кривичен законик (1996; ЗИДКЗ, 1999, 2002, 2004, 2006, 2008а, 2008б, 2009, 2011а, 2011б, 2012а, 2012б, 2013, 2014а, 2014б, 2014в, 2014г, 2015а, 2015б, 2017; УСРМ, 2001, 2002, 2004, 2006; ЗИКЗ, 2003, 2006, 2011б; ЗДКЗ, 2005, 2011а, 2013, 2014а, 2014б, 2014), смета за кривични дела против природата:**

- Загадување на животната средина и природата (член 218)
- Загрозување на животната средина и природата со отпад (член 230)
- Загадување вода за пиење (член 219)
- Незаконит лов (член 228)
- Незаконит риболов (член 229)
- Незаконита експлоатација на минерални суровини (член 225-а)
- Неовластено ловење, чување и отуѓување диви животни и птици (член 228-а)
- Неовластено воведување на диви видови во природата (член 232-б)
- Неовластено тргување, увезување или превезување дива флора или фауна (член 232-в)
- Предизвикување шумски пожар (член 227)
- Пустошење на шума (член 226)
- Тешки дела против животната средина и природата (член 234)
- Убивање или уништување на заштитени видови на дива флора или фауна (член 232-а)
- Узурпација на недвижности (член 225)

**Законот за заштита на природата (Законот за заштита на природата, 2004; ЗИДЗЗП, 2006, 2007, 2010, 2011а, 2011б, 2013а, 2013б, 2014, 2015, 2016; ЗДЗЗП, 2012; ЗИЗЗП, 2016) забранува:**

1. Движење со моторни возила во природата освен во населени места и на сите видови патишта, уредени патеки и полигони за возење, заради спречување на деградација на природата (член 10)
2. Оштетување или уништување на биолошката и пределската разновидност (член 12)
3. Деградација на почвата и губење на нејзината плодност (член 12)
4. Оштетување на површинските или подземните геоморфолошки вредности (член 12)
5. Загадување и промена на режимот на водата (член 12)
6. Загадување на воздухот (член 12)
7. Истребување на автохтон див вид (член 21)
8. Уништување, собирање, сеча или копачење на строго заштитените растенија и габи (член 38)
9. Намерно заробување, чување и отстрел на строго заштитените животни (член 38)
10. Намерно оштетување или уништување на нивните развојни облици, гнезда, легла, како и нивните живеалишта или делови од живеалишта на строго заштитените животни (член 38)
11. Намерно вознемирување, особено во времето на размножувањето, одгледување на малечките, миграција, презимување, ако таквото вознемирување го загрозува нивниот натамошен опстанок на строго заштитените животни (член 38)
12. Намерно уништување или земање на јајца од природата и чување на глуви јајца на строго заштитените животни (член 38)

13. Прикривање, чување, одгледување, продавање, купување и отуѓување или на кој било начин прибавување и препарирање на строго заштитените животни (член 38)
14. Намалување на популациите на дивите видови, уништување на нивните живеалишта или менување на нивните животни услови во обем кој би предизвикал загрозеност (член 21)
15. Намерно вознемирување на дивите животни, особено во текот на размножувањето, растењето или презимувањето, или нивно заробување, повредување или отстрел (член 21)
16. Намерно отстранување на растенијата и габите од нивните живеалишта, намалување на нивната популација, или нивно уништување на кој било начин (член 21)
17. Намерно оштетување или уништување на живеалиштата на дивите видови (член 21)
18. Користење на неселективни средства за собирање и лов на диви видови (член 21)
19. Собирање на засегнати и заштитени видови растенија, габи, животни и нивни делови на територијата на заштитено подрачје (член 23)
20. Интродукцијата на видови во природата (член 25)
21. Употребата на неселективни средства за заробување или отстрел на заштитени диви животински видови, како и на средства кои можат да предизвикаат локално исчезнување или сериозно вознемирување на популациите на тие видови, потоа средства забранети согласно со меѓународните договори ратификувани од Република Македонија, а особено: 1) стапици, јамки (примки), лепаци и куки; 2) живи животни, ослепени или осакатени животни кои се користат како мамки; 3) електрични убиствени или зашеметувачки направи; 4) вештачки светлечки тела; 5) леќи и други заслепувачки направи; 6) аудионаправи (магнетофони, касетофони и друго) кои емитуваат звуци на довикувања, болка или јавување; 7) направи за осветлување на целта; 8) оптички нишани за ноќен лов со можност за електронско зумирање; 9) експлозиви; 10) отрови и зашеметувачки средства, како и отровни и зашеметувачки мамки; 11) полуавтоматско или автоматско оружје со магацин кој може да содржи повеќе од две парчиња муниција и самострел; 12) летала; 13) моторни возила во движење; 14) висечки, хоризонтални, исфрлувачки и други типови мрежи и 15) други средства утврдени со меѓународни договори ратификувани од Република Македонија. (член 43)
22. Стопанисување со шумските екосистеми во заштитените подрачја (член 54)
23. Преградување на водотеците на начин кој придонесува за деградирање на живеалиштето, намалување на количеството на вода под биолошкиот минимум, исушување, затрупување на изворите, мочуриштата и другите водни живеалишта (член 56)
24. Изградбата на објекти или стопанисување со природните богатства крај природните извори, покрај брегот на природните водотеци, крајбрежјето на природните или вештачките езера, како и плавените рамнини на водотеците, освен ако тоа не е уредено со закон или друг пропис или е определено во планската документација (член 58)
25. Палење на огин во национален парк (член 75)
26. Оштетување, уништување и изнесување на пештерски украси, подземниот жив свет, палеонтолошки и археолошки наоди од спелеолошките објекти (член 123)
27. Оставање, фрлање и/или напуштање отпад во заштитено подрачје (член 183-а)
28. Палење огин во заштитени подрачја (член 183-а)
29. Фрлање отпушоци од цигари во заштитено подрачје (член 183-а)
30. Движење надвор од патеката за посетители или на места забранети за посетители (член 183-а)
31. Создавање бучава или на друг начин вознемирување заштитени диви животински видови (член 183-а)

32. Сечење дрва или кинење или на друг начин уништување загрозени и строго заштитени видови растенија во заштитено подрачје (член 183-а)
    a. Законот за заштита на природата одредува и неколку нелегални дејства специфични за високопланинските живеалишта и екосистеми:
33. Било каква антропогена активност освен онаа поврзана со традиционалното сточарство, како и екотуризам во согласност со принципите на одржлив развој (член 62)
34. Изградба на објекти, освен оние кои се потребни за развој на туризмот во рамките на туристичката развојна зона спроведување на традиционалното сточарство, преградување или прокопување доводни или одводни канали, како и интродукција на алохтони видови на/во глацијалните високопланински езера (член 62)
35. Експлоатација на карпи и минерали од карпестите високопланински живеалишта (член 62)

**Закон за шуми (2009; ЗИДЗШ, 2011, 2013а, 2013б, 2014а, 2014б, 2015а, 2015б, 2016. ЗДЗШ, 2011, 2013; ЗИЗШ, 2015, 2016) исто така предвидува забрани кои важат и за шумите во заштитените подрачја (член 6):**

- За да се оствари одржливото стопанисување со шумите забрането е: пустошење и копачење на шуми; трајна пренамена на шумско земјиште; чиста сеча која не е одобрена како редовна мерка за обновување на шумата во планските документи; секоја сеча која не е во согласност со планските документи; активности во заштитените подрачја кои не се во согласност со планските документи за заштитените подрачја; сеча на ретки и заштитени видови на дрвја; подбелување на стебла освен за потребите за обнова и нега на шума; напасување, брстење на кози и друга стока и желадење без дозвола; собирање на листинец, хумус и други дејствија со кои се ослабува приносната сила или се загрозува опстанокот на шумата и нејзините општокорисни функции; самоволно присвојување на шума, уништување или оштетување на ознаки и гранични знаци; депонирање на отпад, отровни супстанции и друг вид на материјал во шума; други работи кои го намалуваат приносот на шумите и ја загрозуваат нивната функција; сеча на семенски стебла и насади и чисти сечи кои не се предвидени со посебниот план, освен при изградба на објекти, согласно со овој закон; палење и опожарување на шума; бесправна сеча на шума; лупење кора од стебла; уништување или оштетување на подмладок во шума или на садници во пошумени сечишта; спроведување на активности со кои се интензивираат процесите на ерозија и други процеси на деградација на земјиштето; кастрење на стебла за лисничарење спротивно на планските документи; намерно отстранување и намалување на популациите на другите шумски производи или нивно уништување на кој било начин; и смоларење. (член 13)
- Забрането е напасување на добиток и желадење во шума. (член 52)
- Забрането е палење на отворен оган во шума и на земјиште во непосредна близина на шумата, на растојание најмалку од 200 метри од работ на шумата. (член 54)
- Граѓаните имаат ... обврска за ненанесување на штета на шумата. (член 57)
- Забрането е депонирање на отпад во шумите. (член 59)
- Забрането е користење на други шумски производи кои се заштитени и строго заштитени. (член 72)

**Закон за ловство (2009; ЗПКСРМ, 2009; ЗДЗЛ, 2011, 2015; ЗИДЗЛ, 2012, 2013а, 2013б, 2013в, 2015а, 2015б):**

- Трајно се забранува ловење на: мечка, рис, дива мачка, јазовец, видра, чакал, верверица, полв, стоболка, голема дропла, мала дропла-прскач, морска утва, пајка лажичарка, пајка

свиркач, сива пајка, пајка превез, жолтоклун лебед или лебед пејач, нем лебед, прдавец, бел штрк, црн штрк, блескав или црн ибис, црвена чапја, пепелава чапја, бела чапја, мала бела чапја или сребреникава чапја, жолта чапја, ноќна чапја или гак, мал воден бик или мало чапјиче, воден бик или буковец, розов пеликан, кадрав пеликан, голем нуркач, обичен нуркач, мал нуркач, сив жерав, обичен галеб, мал галеб, блатно коковче, зелено коковче, калуѓерка, чурулин, сив сокол, сокол остриж, јужен сокол, мал сокол, ветрушка црнонокта, белонокта ветрушка, црвенонога ветрушка, јастреб врапчар, кусопрст или краткопрст јастреб, обичен глувчар, гаќест глувчар, лисест глувчар, глувчар осаш, еја мочуришна, еја ливадарка, еја полска, луња 'рѓеста, црна луња, сур орел, орел крстач, орел клокташ, џуџест орел, орел рибар, белоопашест орел, орел змијар, бел мршојадец, белоглав мршојадец, црн мршојадец, брадест (жолтоглав) мршојадец, голем ушест був, шумски ушест був, мочуришен був, ќукградинарски, кукумјавка, шумски був, кукувија, гавран, модра чавка, црвеноклуна галица, галица чолица, саријазма златна, мал корморан и сојка. (член 13)

- Забрането е уништување и присвојување на младенчиња, уништување и расипување на легла, гнезда или јајца од дивеч под заштита утврдено со овој закон. (член 14)
- Забрането е ловење, чување, купопродажба на птици, како и уништување на гнезда, собирање, присвојување и уништување на младенчиња и јајца на птици кои не претставуваат дивеч. (член 19)

**Закон за водите (2008; ЗИДЗВ, 2009, 2011, 2012, 2013а, 2013б, 2014, 2015, 2016; ЗИЗВ, 2009, 2010):**

- Забрането е вршење на работи коишто предизвикуваат промени во режимот на водите, (член 12)
- Заради заштитата на флората и на фауната, водните екосистеми и екосистемите зависни од вода, како и заради чување и одгледување на растителните и животинските видови, пловидбата со пловни објекти и инсталации кои се придвижуваат со мотори со внатрешно согорување е забранета во заштитните зони и подрачја утврдени со овој и со друг закон. (член 19)
- Секое дејствие или активност со коешто се загадуваат водите или се испуштаат отпадни води или непреземање на дејствие со коешто се овозможува загадување на водите или испуштање на отпадни води е забрането. (член 77)
- Активности кои би ја загрозиле квалитативната и квантитативната состојба на водното тело наменето за консумирање од страна на човекот се забранети во заштитните зони. (член 100)
- Израдба на објекти и вршењето на други дејства и активности, со исклучок на зафатни објекти, резервоари, трафостаници, внатрешни патишта и други објекти потребни за водоснабдување и дејства потребни за функционирање на тие активности, на земјиштето во потесната заштитна зона е забрането. (член 100)
- Заради заштита и одржување на природните и уредените речни корита и бреговите на водотеците, езерата и акумулациите, забрането е, освен со дозвола или согласност издадена врз основа на закон: 1) да се вади чакал, песок и камен од корита и бреговите на површински водни тела (водотеци и езера и акумулации), со што се влошува постојниот режим на води, се предизвикуваат процеси на ерозија и се ограничува или оневозможува користењето на водите; 2) да се менува правецот на водотекот; 3) да се фрла отпаден материјал (индустриски, комунален и друг отпад), земја, градежен шут, јаловина и друго; 4) да се вршат други работи со кои се оштетуваат речните корита и бреговите на водотеците,

езерата и акумулациите; 5) да се сечат дрвја и да се уништува друга вегетација во речните корита и бреговите на водотеците, езерата и акумулациите; 6) да се изгради брана, насип или друга слична препрека која би имала негативно влијание врз протокот на водотекот и 7) да се врши градба или зафат коишто би имале негативно влијание врз протокот на водотекот. (член 131)

**Закон за пасишта (1998; ЗИДЗП, 2000, 2008, 2010а, 2010б, 2013, 2015; ЗИЗП, 2009, 2015):**

- За поставување на времени објекти (трла, поила и слично) корисникот на пасиштето е должен да бара согласност од Јавното претпријатие за пасишта. (Закон за пасишта, 1998, член 10)

# Анекс 2. Каде и како да се пријави нелегалнаактивност во заштитено подрачје.

Според Законот за заштита на природата (2004; ЗИДЗЗП, 2006, 2007, 2010, 2011а, 2011б, 2013а, 2013б, 2014, 2015, 2016; ЗДЗЗП, 2012; ЗИЗЗП, 2016) секој граѓанин е должен да пријави незаконитости до субјектот кој е задолжен за заштитата на природата. Оттука, најпрво треба да се пријави до соодветната установа. Следната табела се однесува за трите заштитени подрачја кои беа опфатени во овој извештај.

| Заштитено подрачје | Субјект задолжен за заштита на природата | Телефонски контакт | е-пошта |
|---|---|---|---|
| Национален парк Галичица | Јавна установа национален парк Галичица | 046 261 473 | galicica@galicica.org.mk |
| Национален парк Маврово | Јавна установа национален парк Маврово | 042 489 019 | npmavrovo@npmavrovo.org.mk |
| Споменик на природата Вевчански Извори | Општина Вевчани | 046 784 640<br>046 784 641 | contact@vevcani.gov.mk |

Покрај пријавата до субјектот задолжен за заштитата на природата, може да се пријави и до:

- Полиција, на дежурниот телефонски број 192.

и, односно или:

- Државен инспекторат за заштита на животната средина. Тука граѓаните може да одберат да пријават преку:
    - Телефон: 02 3220 187
    - Е-пошта: info@sei.gov.mk
    - или порака на фејсбук профилот: https://www.facebook.com/Државен-инспекторат-за-животна-средина-Inspektorati-Shtetëror-i-Mjedisit-105140678120971

Доколку лицето се реши да пријави по телефон, потребно е тоа да се направи во работен ден и во работно време, во спротивно нема да стапи во контакт со субјектот задолжен за заштита на природата.

Препорака е пријавата да се направи по е-пошта како би останал пишан траг за тоа.